


ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KRYQI I KUQ I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
MACEDONIAN RED CROSS

2007

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# RAPORTI I PUNËS
# ANNUAL REPORT

СКОПЈЕ
SHKUP
SKOPJE
2008

# Содржина







Визија / Мисија 3
Развоен план 4
ООЦК 6
Настани 2007 8
Организација и развој 10
Дисеминација 12
Здравствено превентивна дејност 15
Прва помош 17
Крводарителство 19








Социјално хуманитарна дејност 22
Подготвеност и дејствување при катастрофи 26
Млади 28
Информирање и комуникации 30
Меѓународна соработка 32
Служба барање 35
Финансиско работење и мобилизирање на фондови 36



Истражување на јавно мислење 37
Настани во ООЦК 40
Членови на ИО 44
Финансиски извештај 46
Извештај на ревизија 49






Годишниот извештај за работата на Црвениот крст на Р. Македонија во 2007 година, како и сите досегашни извештаи, е можност да согледаме во колкава мерка нашата хуманитарна мисија го одржува вистинскиот баланс меѓу етаблираните вредности и воведување на иновации со цел да одговориме на новите предизвици. Во таа смисла важно е да процениме дали неопходните промени што ги презедовме овозможуваат поефикасна и поорганизирана активност со едновремено усогласување и ангажирање на сите нивоа на нашето организирање. Тоа е цел што води кон јасна и добро насочена хуманитарна мисија која обезбедува ефикасно функционирање и максимална ангажираност за менаџирање со човечките и материјални ресурси на организацијата.

Напредокот се следи преку извештаите за работа. Во основа мерливите извештаи овозможуваат да се поткрепат нашите уверувања дали доволно се оспособивме да ги проценуваме послабите и добри страни на нашето организирање и дали со прегледот на идеите и начинот на групирање може да се заокружи претставата за Црвениот крст на Р.Македонија како национално друштво кое добро функционира. Во таа смисла важна е оценката дали е направен напредок во надградбата на капацитетите на националното друштво, колкав чекор е направен во проширувањето на човечкиот ресурс и јакнењето на материјално-техничката основа на организацијата и дали законската, статутарната и нормативна регулатива треба да се усогласува според новите услови на организирање и дејствување.

Еве, годишниот извештај за работа на Црвениот крст на Р.Македонија е пред нас, за прочит и анализа. Од нас се очекува да воспоставиме и систем за мониторинг и евалуација со постојано утврдување на механизмите за следење и имплементирање во нашите постојни и идни планови за развојот на Црвениот крст на Р.Македонија, како современа, добро организирана, но едновремено и автономна организација, рамноправен партнер со сите национални друштва во Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, модерно национално друштво кое работи по сите светски стандарди и критериуми.

Др. Јован Дамјановски
Претседател

Саит Саити
Генерален секретар

# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ДВИЖЕЊЕТО

**ХУМАНОСТ** Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе. **НЕПРИСТРАСНОСТ** Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи. **НЕУТРАЛНОСТ** За да ја ужива довербата на сите, движењето не смее да зазема страна од политичка, расна, верска или идеолошка природа. **НЕЗАВИСНОСТ** Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето. **ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА** Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди. **ЕДИНСТВО** Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата. **УНИВЕРЗАЛОСТ** Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.



## ВИЗИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мора да бидеме подготвени да ги искористиме можностите на почетокот, бидејќи да се биде на крај значи да се биде надвор од играта. Ние сме дел од хуманото семејство и ќе бидеме лидер во реализацијата на хуманата мисија.

## МИСИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Црвениот крст на Репулика Македонија е хуманитарна, волонтерска организација која делува согласно со основните принципи на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, работејќи на планот на обезбедување помош и услуги за ранливото население и промовирање на меѓународното хуманитарно право и хумани вредности“.

# Развоен план 2006-2010

## Развојни цели:

### Главна цел I
**Промовирање на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, основните принципи, МХП и хуманите вредности.**

### Главна цел II
**Подготвеност за брзо и ефикасно дејствување во случај на катастрофа.**

### Главна цел III
**Намалување на ранливоста на населението на здравствено превентивен и социјално-хуманитарен план.**

### Главна цел IV
**Развивање на ЦКРМ во национално друштво кое добро функционира.**

### Главна цел V
**Зајакнување на имиџот на Националното друштво.**

### Главна цел VI
**Мобилизирање на младите.**

### Главна цел VII
**Градење на партнерски односи и соработка.**

### Главна цел VIII
**Зголемување на финансиската стабилност и воспоставување на ефикасен систем за обезбедување на финансиски фондови на национално и локално ниво.**



# ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦРВЕН КРСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



■ Берово • berovo@redcross.org.mk • 2330 • 033 ■ 47.11.09 •
■ Битола • bitola@redcross.org.mk • 7000 • 047 ■ 23.60.19 •
■ Брод Македонски • brodmk@redcross.org.mk • 6830 • 045 ■ 27.44.01 •
■ Валандово • valandovo@redcross.org.mk • 1460 • 034 ■ 38.12.92 •
■ Виница • vinica@redcross.org.mk • 2310 • 033 ■ 36.33.05 •
■ Гевгелија • gevgelija@redcross.org.mk • 1230 • 034 ■ 21.38.06 •
■ Гостивар • gostivar@redcross.org.mk • 1480 • 042 ■ 21.64.88 •
■ Демир Хисар • demirhisar@redcross.org.mk • 7240 • 047 27.68.61 •
■ Дебар • debar@redcross.org.mk • 1250 • 046 ■ 83.10.74 •
■ Делчево • delcevo@redcross.org.mk • 2320 • 033 ■ 41.20.10 •
■ Кавадарци • kavadarci@redcross.org.mk • 1430 • 043 ■ 41.29.36 •
■ Кичево • kicevo@redcross.org.mk • 6250 • 045 ■ 22.53.24 •
■ Кочани • kocani@redcross.org.mk • 2300 • 033 ■ 27.10.15
■ Кратово • kratovo@redcross.org.mk • 1320 • 031
■ Крива Паланка • krivapalanka@redcross.org.mk • 1330 • 031 ■ 37.51.31 •
■ Крушево • krusevo@redcross.org.mk • 7520 • 048 ■ 47.75.56 •
■ Куманово • kumanovo@redcross.org.mk • 1300 • 031 ■ 42.41.79 •
■ Неготино • negotino@redcross.org.mk • 1440 • 043 ■ 36.16.57 •
■ Охрид • ohrid@redcross.org.mk • 6000 • 046 ■ 26.27.06 •
■ Прилеп • prilep@redcross.org.mk • 7500 • 048 ■ 42.47.10 •
■ Пробиштип • probistip@redcross.org.mk • 2210 • 032
■ Радовиш • radovis@redcross.org.mk • 2240 • 032 ■ 63.55.71 •
■ Ресен • resen@redcross.org.mk • 6310 • 047 ■ 45.25.75 •
■ Свети Николе • svetinikole@redcross.org.mk • 2220 • 032 ■ 44.31.71 •
■ Струга • struga@redcross.org.mk • 6330 • 046 ■ 78.60.14 •
■ Струмица • strumica@redcross.org.mk • 2400 • 034 ■ 32.56.01 •
■ Тетово • tetovo@redcross.org.mk • 1220 • 044 ■ 33.63.74 •
■ Штип • stip@redcross.org.mk • 2200 • 032 ■ 39.12.66 •
■ Скопје • skopje@redcross.org.mk • 1000 • 02 ■ 31.39.578 •
■ Центар • centar@redcross.org.mk • 1000 • 02 ■ 32.29.614 •
■ Гази Баба • gazibaba@redcross.org.mk • 1000 • 02 ■ 26.27.667 •
■ Карпош • karpos@redcross.org.mk • 1000 • 02 ■ 30.68.806 •
■ Кисела Вода • kiselavoda@redcross.org.mk • 1000 • 02 ■ 32.11.417 •
■ Чаир • cair@redcross.org.mk • 1000 • 02 ■ 26.21.924 •

# Настани кои ја одбележаа 2007 година

Справување со топлотниот бран

## Партнерски состанок

Партнерскиот состанок на Црвениот крст на Република Македонија се одржа во Центарот за кадри и рекреација во Струга, во периодот од 12.04.2007 до 15.04. 2007, со цел да се обезбеди финансиска поддршка за имплементирање на проекти на општинските организации и градската организација на Црвениот крст на Република Македонија наменети за помош на ранливи категории на население во локалните заедници во нашата држава.

Врз основа на претходно утврдени критериуми беа изготвени 70 проекти од 25 општински организации и Градската организација на Црвен крст Скопје од кои 21 проект беа избрани за презентација пред потенцијалните донатори на Парнерскиот состанок.

На состанокот зедоа учество претставници на Меѓународната Федерација - Регионална Делегација Будимпешта, Меѓународниот Комитет на Црвен крст од канцелариите од Белград и Скопје, Норвешкиот Црвен крст, Шпанскиот Црвен крст, МАРРИ, УНДП, Министерствата за труд и социјална политика, надворешни работи и здравство и претставник на ОКТА. Присуствуваа и претставници на општинските организации на ЦКРМ чии проекти беа презентирани пред партнерските организации.

Партнерскиот состанок резултираше со заложби на Норвешкиот и Шпанскиот Црвен крст за поддршка на дел од проектите а Германскиот Црвен крст иако не беше присутен на состанокот исто така најави поддршка за дел од проектите презентирани на партнерскиот состанок.

## Црвениот крст на Република Македонија повторно меѓу граѓаните

Во текот на јули и август 2007 година во Р.Македонија, беа регистрирани високи температури кои условија појава на голем број на пожари на отворен простор, како и невреме проследено со силен ветар и град. Беа опожарени околу 5.000 хектари шумски површини. Најголем пожар се случи во регионот на Битола, кој закануваше да го зафати градот. Најзагрозена беше Ромската населба кај месноста Петочна вода. Посебна опасност за населението и спасителите претставуваа заостанатите неексплодирани минско експлозивни средства од Прва светска војна, кои се самоактивираа од високите температури.

Општинската организација на Црвен крст Битола на 23.07.2007 година, ангажира 25 волонтери и вработени за згрижување, евидентирање, прва помош, делење на хуманитарна помош и други активности за помош на лицата кои го гасеа пожарот.

Во 29 општински организации на Црвен крст, беа мобилизирани екипи за прва медицинска помош, кои ги обиколуваа најфрекфетните места во градовите, делеа вода за пиење и миење, укажуваа прва медицинска помош, вршеа транспорт на изнемоштени лица и делеа информативен материјал со совети за однесување при високи температури. Републичката единица за одговор при катастрофи (РЕОК) вршеше обиколка на главните сообраќајници во Скопје и опожарените региони околу Скопје.

Членовите на логистичкиот тим при РЕОК, заедно со тимот за вода и санитација извршија преадаптација на едно товорно возило во противпожарно возило, кое беше ставено во приправност за гасење пожари.





## Обид за соборување на Светскиот Гинисов рекорд во доброволно дарување на крв

На 11 и 12 мај 2007 година по иницијатива на мултинационалната компанија “КалиВита интернационал”, а во организација на Црвениот крст на Република Македонија и трансфузиолошките служби во Република Македонија, беше направен обид за соборување на Светскиот Гинисов рекорд во доброволно дарување на крв. Акциите за дарување на крв беа организирани во 19 града во Република Македонија.

Во акцијата беа собрани вкупно 1.551 единица крв.Генерален медиумски покровител на акцијата беше Македонското радио. На 11 мај 2007 година во ноќната програма, Македонското радио воспостави солидарен телефонски мост со градовите Будимпешта, Нови Сад, Љубљана и Темишвар. Настанот го покрија уште 77 национални и локални средства за информирање.

Домаќинот на крводарителските акции “КалиВита интернационал”, од Скопје, како генерален спонзор обезбеди маички за крводарителите, отпечати флаери, плакати.

Акцијата се одвиваше истовремено во 11 држави од Југо-Источна Европа (Унгарија, Полска, Чешка, Словачка, Романија, Бугарија, Словенија, Хрватска, Србија, БиХ и Македонија), каде беа собрани околу 7.500 единици крв, но сепак рекордот поставен во Индија во 2004 година каде беа собрани околу 18.000 единици крв. не беше соборен. Според, информациите добиени од централата на “КалиВита-интернационал” во Будимпешта Унгарија, со најголем број на единици крв од оваа акција се Унгарија (2.500), Полска (1.800) и Македонија (1.551). Но, ако направиме споредба спрема големините на државите и планираниот број на единици на крв поединечно за секоја држава, тогаш со право можеме да ја издвоиме Република Македонија како апсолутен победник.

## Центар за обука и едукација на Црвениот крст на Република Македонија

Со цел да се изврши надградба на постоечките капацитети во националното друштво и да се подобри ефикасноста за да се понуди подобар едукативен систем, Црвениот крст на Република Македонија подготви програма за работа на Центар за обука И едукација и адаптира простории во зградата на Црвениот крст за потребите на истиот. Свеченото отворање на објектот кој во моментов располага со површина од 220 м2 и истиот е соодветно опремен и е обезбедена современа техника и опрема за негово непречено функционирање, се одржа на 6.12.2007 година. Во функција го пушти министерот за здравство во Владата на Република Македонија, г-дин Имер Селмани.

Во Центарот според програма за работа усвоена од страна на Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ ќе се нудат следниве едукативни услуги:

- Курсеви за прва помош (за обука на предавачи според однапред утврдени стандарди, основни курсеви за работни организации и за различни целни групи)
- Курсеви за спасување на вода
- Курсеви за спасување на планина
- Едукација за промоција на хумани вредности
- Едукација за психолошка прва помош
- Курсеви за странски јазици
- Курсеви за комјутери

За секоја понудена услуга подготвена е одделна наставна програма.

Како што е и горе наведено, во Центарот покрај едукативни услуги од програмски карактер на Црвениот крст, ќе се нудат и друг вид на едукативни услуги (курсеви за странски јазици и компјутери), кои по пат на реализација на проекти ќе се нудат бесплатно за одредени категории на социјално загрозени лица.



# Организација и развој

*Институционалниот развој на Црвениот крст на РМ, е во постојан подем и надградба со воведување на нови форми и содржини во работењето на оргнизацијата во целост, што резултираше со севкупно подобрениот имиџ на националното друштво.*

Во текот на 2007 година работата на планот на институционалниот развој на Црвениот крст на РМ се карактеризираше со бројни акции и активности.

Собранието на Црвениот крст на РМ, одржа 2 редовни седници, Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ одржа 10 седници, а комисијата за развој одржа 5 состаноци.

Како дел од редовните активности на планот на координацијата и постигнување на единство во реализацијата на активностите на национално ниво се одржаа 8 работни средби со секретарите на ООЦК како и 1 семинар со претседателите на ООЦК.



На седниците на Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ, во просек беше расправано по 18 прашања. Структурата на усвоените документи е следната:

*ИНФОРМАЦИИ 59 32.8 %; ОДЛУКИ 63 35 %; ОВЛАСТУВАЊА 5 2.8 %; СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ 25 13.9 %; ПРОГРАМИ 7 3.9 %; БАРАЊА 8 4.4 %; ИМЕНУВАЊА 13 7.2 %*




Застапеноста на понудените материјали на седниците на Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ по дејности е следна:

*РАЗВОЈ 62 41.7 %;*
*ЗДРАВСТВО 0 0 %;*
*КРВОДАРИТЕЛСТВО 8 5.3 %;*
*СОЦИЈАЛА 3 2 %;*
*КАТАСТРОФИ 3 2 %;*
*МЛАДИ 1 0.6 %;*
*ДИСЕМИНАЦИЈА 6 4 %;*
*ИНФОРМИРАЊЕ 3 2 %;*
*МЕЃ. СОРАБОТКА 13 8.6 %;*
*СЛУЖБА БАРАЊЕ 0 0 %;*
*ФИНАНСИИ 28 18.6 %;*
*ПРВА ПОМОШ 19 12.6 %;*
*ПРАВНИ РАБОТИ 4 2.6 %*



## Мониторинг и евалуација

Согласно новите концепти за работа на ООЦК, Црвен крст на град Скопје, во организација на ЦК на Р. Македонија во периодот 03-06.05.2007 год. се оддржа семинарот за мониторинг и евалуација. На истиот освен вработените во стручната служба на Црвениот крст на РМ, учествуваа и претставници на 24 ООЦК и Црвениот крст на град Скопје. Приоритетна цел на истиот беше стекнување на знаења и искуства за мониторингот и евалуацијата како важни методи во работата, како нивно имплементирање во работата на стручните служби во организацијата, координирано и во согласност со останатите стручни служби во ООЦК, Црвениот крст на град Скопје и Црвениот крст на РМ.

Предавачи на семинарот беа претставници на Меѓународната федерација на Црвениот крст и црвената полумесечина.

Во текот на годината се организираа два семинара за процесс на планирање и подготовка на проекти, мониторинг и евалуација, на кои учествуваа претставници на 24 ООЦК и Црвениот крст на град Скопје.

## Парк на хуманоста

Во склоп на одбележувањето на Неделата на Црвениот крст, Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Општина Центар беше пуштен во употреба Паркот на хуманоста.

Со реализацијата на оваа идеја, се заштити површината околу зградата на Црвениот крст на РМ и истовремено на овој простор му се даде конкретна содржина која што е основа за негово редовно користење и одржување во рамките на идејата за негово уредување.



## 15 години самостојност

Одбележувањето на 15-ет годишнината од осамостојувањето на Црвениот крст на Република Македонија, се реализираше по повод одбележувањето на 17-ти март Денот на основањето на Црвениот крст на РМ и Денот на крводарителството, на 15 март 2007 година во хотелот “Холидеј Ин” во Скопје се одржа свечена седница на Собранието на Црвениот крст на РМ и редовна работна седница на Собранието на Црвениот крст на РМ.

На свечената седница пригоден говор одржа Претседателот на Црвениот крст на Република Македонија Д-р Јован Дамјановски, а пред присутните се обрати и Претседателот на државата Г-дин Бранко Црвенковски.

# Дисеминација

## Стратешки и координиран пристап на активностите

Главна причина за изготвување на Стратешкиот план 2008-2010 претставува потребата од организиран пристап кон планираните развојни активности во областа на дисеминацијата и градење на партнерски односи и активна комуникација.

Главната ориентација на Планот е насочена кон:

- натамошна изградба на квалитетни ресурси;
- обука на дисеминатори - инструктори со акцент на хуманитарното право и опфаќање на целни групи од власта, образованието, младите, ранливите категории лица и други специфични групи;
- активна улога во локалната средина;
- одржување и квалитетно јакнење на структуираните форми (Програма за дисеминација, ЦКА - ПХВ и Истражување на хуманитарното право (ИХП);
- примена и усовршување на интерактивниот пристап;
- подигнување на свеста и мотивацијата на волонтерите;
- оперативност на Националниот комитет за МХП.

## „Симбол за почит“

Кампањата за заштита и употреба на амблемот Црвен крст во Република Македонија под мотото *СИМБОЛ ЗА ПОЧИТ* се реализираше во месеците Мај и Јуни, чија главна цел беше подигнување на свеста и информирање на јавноста за значењето и правилната употреба на амблемот, како и заштита од негова злоупотреба од страна на неовластени лица.

За промовирање на кампањата беа изготвени флаери, брошура, типизирано предавање за образовни институции, информации за новиот дополнителен амблем Црвениот кристал, како и сити лајт постер со мото на кампањата, лоциран на простори во неколку градови во државата.

Во рамките на кампањата беа превземени повеќе активности: работилници, симулативни вежби со мотивациони техники, трибини, предавања со наградни прашања објавување на конкурс за ликовни творби за ученици, приредби, структуирани и специјални предавања за соодветни целни групи.

Покрената е иницијатива за подготовка и донесување на посебен закон за заштита на амблемот Црвен крст во Република Македонија.



## Продолжува процесот на обука на нови дисеминатори

Работилницата за обука на дисеминатори е одржана во периодот 24 26 Ноември, врз основа на спроведената евалуација на Програмата за дисеминација во 2006 година.

Главната цел беше да се обучат дисеминатори кои ќе одговорат на актуелните предизвици и потреби за ширење на знаењата и промовирање на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, со примена на методи, техники и инструменти на интерактивна комуникација.

Обучени се 33 нови дисеминатори за потребите на ООЦК, Црвен крст на град Скопје и воопшто за Црвениот крст на Република Македонија.

Констатирано е дека групата на обучени дисеминатори создаде хомогена интеракција и квалитетна комуникација со размена на искуства, информации и знаења, висок степен на мотивација и подготвеност за работа во програмските активности на Црвениот крст.

Спроведената обука е почеток на реализација на Стратешкиот план за дисеминација 2008 - 2010, а обучените поединци со нивна понатамошна дообука нудат можност за остварување на стратешките цели.

## Црвен крст во акција - промоцоција на хумани вредности (ЦКА - ПХВ)

Оваа програма последните десетина година се развива во алатка која денес претставува модел за дисеминација за млади луѓе во целата земја. Промените на програмата се резултат на испитувањето на терен, во секоја ООЦК на Р.Македонија и директно се прилагодуваа согласно истите. Научената теорија преминува во акција со видливи и мерливи резултати.

86 мали проекти имплементирани во минатата година се дел од резултатите кои зборуваат за мерливи достигнувања. Проектите имаа за цел помош на социјално загрозени лица, помош за хендикепираните лица, за создавање на подобра животна средина, пружање на помош на стари лица, едукација, помош на децата без родители.





Имплементацијата на проектот во Србија е во тек, додека пак Албанија и Босна и Херцеговина се наредни земји од регионот во кои моделот ќе биде имплеметиран на нивно барање.



## Национална програма за Меѓународно хуманитарно право (МХП)

Националниот комитет за МХП подготви национална програма за Меѓународно хуманитарно право во која Црвениот крст на РМ е носител на 2 работни групи по следните точки:

- Мерки за дисеминација и едукација по МХП во Република Македонија
- Заштита на амблемот на Црвениот крст.

## Реализирани проекти на општински организации на Црвен крст

Во рамките на програмата за дисеминација, Меѓународниот комитет на Црвен крст од аплицираните проекти од ООЦК финансиски поддржа четири мали проекти на Општинските организации на Црвениот крст и тоа:

- Прилеп - „Дисеминација“,
- Крушево - „ВЕБ - страна на ООЦК Крушево“
- Чаир - „Да научиме што е Црвениот крст“
- Карпош - „Преку цртеж поблиску до Црвениот крст“

Целни групи на проектите од Прилеп, Карпош и Чаир беа ученици од основните училишта и нивно запознавање со Меѓународното движење и Црвениот крст на РМ преку интерактивен пристап (анкети, предавања, работилници, конкурс за ликовна творба, натпревар меѓу учесниците и др.). Проектот од Крушево имаше за цел изготвување на ВЕБ- страница на општинската организација. (www.crvenkrstkrusevo.org.mk)

# Здравствено превентивна дејност

## Лице во лице со малигните заболувања

Одбележувањето на Неделата за борба против ракот (1-7) март претставува традиционална здравствено превентивна активност на Црвениот крст на Р. Македонија која е насочена кон навремено и правилно информирање и мобилизирање на поедниците и заедницата за можностите на раното откривање и соодветното лекување на малигните заболувања.

Пропаганден материјал по повод оваа кампања беше дистрибуиран до сите општински организации на Црвениот крст кои организираа предавања и трибини во соработка со релевантни институции и истакнати личности со цел ширење на знаењата за можностите за превенција на ракот и неговото рано откривање.

## Црвен крст на Р. Македонија во борба против туберкулозата

Црвениот крст на Р. Македонија во соработка со Министерството за здравство, а поддржано од Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија започна со реализација на проектот за борба против туберкулоза во три општински организации на Црвениот крст (Тетово, Кичево и Велес), со цел изработка на локални акциони планови за контрола на туберкулозата.

Со примена на методот за заеднички развој на заедницата (ЗРЗ), Црвениот крст е фацилитатор на процесот на донесување на локалните акциони планови за контрола на туберкулозата, кои најсоодветно ги отсликуваат потребите на населението во успешното справување со ова заразно заболу вање.

## Светот без туберкулоза

Во рамките на Неделата за борба против туберкулоза на Црвениот крст на Р. Македонија 14-21 септември, со поддршка на Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, а во соработка со Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза се реализираа акции за бесплатни флуорографски снимања на ромското население во три града во Р. Македонија (Скопје, Кочани и Гостивар).

За оваа цел беа отпечатени постери и брошури на ромски јазик со цел запознавање на ромското население, како ризична група за заболување од оваа болест со основни информации за начинот на заразување, симптомите и превенцијата од туберкулоза. Во текот на неделата општинските организации на Црвениот крст реализираа повеќе активности како што се: едукативни предавања во образовните институции, емисии и разговори во локалните медиуми, дистрибуција на пакети со храна, хигиенски артикли и облека за социјално загрозените семејства зафатени од туберкулоза.





## Намалување на штети

Црвениот крст на Р. Македонија со поддршка на Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина продолжи со реализирање на проектот за намалување на штети во три општински организации (Кичево, Прилеп и Велес). Проектот за оваа ранлива категорија на население - интравенозни корисници на droги, им овозможува стерилна опрема за инјектирање, презервативи и стручно советување и помош при реализирањето на нивните социјални и здравствени права. Ваквиот пристап дава поодржливи резултати во превенцијата од ХИВ/СИДА, хепатит Б, Ц и други крвно и сексуално преносливи инфекции кои почесто го следат тој вид на ризично однесување.

Преку интезивирање на соработката со сите релевантни субјекти во локалната заедница се придонесува за превземање на кохерентен пристап во разрешување на проблемите на овој вид на ранливо население, со бенефит за целата заедница.

## Ако сте без здив, не сте и без помош

По повод одбележувањето на Светскиот ден на борба против хроничите обструктивни белодробни болести (ХОББ) - 14 Ноември, Црвениот крст на Р. Македонија во соработка со Boehringer Ingelheim, Pharma na GmBH, Клиниката за пулмологија, Специјалната болница за белодробни заболувања - Јасеново, Институтот за медицина на трудот, Здравствениот дом - Скопје и општина Карпош на четири локации во градот Скопје овозможија лекарски преглед, советување и бесплатна проверка на функцијата на белите дробови преку спирометриско испитување.

Целта на оваа акција беше зголемување на информираноста на населението за овој вид на хронични заболувања, ризик факторите и можностите за нивно лекување.

## Превземете иницијатива! Стоп за СИДА-та. Одржете го ветувањето!

Црвениот крст на Р.Македонија оваа година ја одбележа Неделата за борба против ХИВ/СИДА приклучувајќи се кон светската кампања “Превземете иницијатива! Стоп за СИДА-та... Одржете го ветувањето!“.

Целта на кампањата беше да се реализираат активности кои ќе го поттикнат водството и иницијативноста во секоја средина кон активна борба против ХИВ/СИДА-та. Кампањата е продолжение на континуираната работа на Црвениот крст во борбата против стигматизацијата и дискриминацијата кон лицата заболени со оваа болест, како и сите превентивни активности кои допринесуваат кон подобра информираност на населението. Општинските организации на Црвениот крст преку своите волонтери реализираа едукативни работилници, предавања, трибини, “парада на светилките” како и музички настан со познати личности од музичката естрада со цел помасовна информираност на населението.



# Прва помош

## Безбедноста на патиштата не е случајна

Црвениот крст на Р. Македонија како редовна активност во сите 34 општински организации реализира обука по прва помош за кандидатите за возачи на моторни возлила, согласно Законот за безбедност на патиштата. Наставата ја одржуваат специјално обучени здравствени работници, слушателите добиваат прирачник за прва помош за возачи и уверение по успешно комплетирање на истата. Во 2007 година вкупно во Р. Македонија обуката ја завршиле 47.725 кандидати.

Обуката по прва помош овозможува кандидатите за возачи да се стекнат со потребните знаења и вештини за благовремено и правилно давање на прва помош на повредените во сообраќајна несреќа. На тој начин идните учесници во сообраќајот можат директно да придонесат за зголемување на безбедноста на патиштата.

## Недела за безбедност во сообраќајот

Црвениот крст на Р. Македонија беше член на интерсекторската и интердисциплинарна Национална комисија за одбележување на Неделата на безбедност во сообраќајот на Обединетите Нации, од 23 - 29 април 2007. Во соработка со многубројни државни институции, Црвениот крст реализираше активности на ниво на општина Охрид и територијата на град Скопје. Активностите опфаќаа изведба на ланецот на спасување, промовирање на сообраќајната култура, безбедност при возење на школски автобус, безбедно возење на велосипеди, симулација на сообраќајна незгода и демонстирање на давање прва помош од страна на волонтерите, како и дистрибуција на печатен материјал со кратки инструкции за безбедно учество во сообраќајот.



## Натпревари по прва помош

Традиционална активност на Црвениот крст на Р. Македонија на полето на првата помош претставува организирањето и реализирање на натпреварите по прва помош за младите волонтери. Оваа година беше донесен нов Правилник за организирање на натпреварите по прва помош, каде младите имаа носечка улога во организацијата на натпреварите.

Општинските организации на Црвениот крст одржаа општински натпревари во категориите подмладок и младина каде што најголемо учество земаа учениците од основните и средните училишта.

Државниот натпревар по прва помош се одржа во Скопје на 09.06.2007 год и на истиот учествуваа 24 екипи од следниве општински организации на Црвенот крст: Делчево, Чаир, Крива Паланка, Карпош, Неготино, Кочани, Кисела Вода, Велес, Гази Баба, Центар, Прилеп, Куманово, Гевгелија, Ресен, Кавадарци, Виница, Охрид, Кичево, Битола, Валандово, Струга, Гостивар и Штип со 2 екипи. Победник на државниот натпревар беше екипата на Делчево.



## Прва помош: сигурни и здрави заедници, без дискриминација

На 8-ми септември 2007 год. Црвениот крст на Р. Македонија го одбележа Светскиот ден по прва помош, под мотото “Прва помош: сигурни и здрави заедници, без дискриминација”. Главна цел беше да се потенцираат позитивните импликации на првата помош во секојдневниот живот, во случај на несреќи, катастрофи, во превенција на заболувањата и во промоцијата на здраво и сигурно однесување на сите членови на заедниците.

По тој повод волонтерите од општинските организации на Црвениот крст спроведоа бројни активности: предавања за прва помош, квизови по прва помош, соработка со локалните пишани и електронски медиуми, дистрибуција на пропаганден материјал и едукација на ранливи категории на население. На централната манифестација беа изведени симулации на повреди и во соработка со сообраќајната полиција учесниците во сообраќајот имаа можност директно да дадат прва помош или индиректно да се здобијат и да ги освежат своите знаења.

## Безбедна и здрава работна средина

Црвениот крст на Р. Македонија преку своите општински организации и Црвен крст на град Скопје започна со одржување на десетчасовна курсна настава по прва помош за работни организации. Досега успешно се обучени 274 вработени од јавниот и приватниот сектор. Главната цел е преку теоретско и практично обучување на вработените за давање на прва помош да се овозможи поголема безбедност во работната средина и да се редуцираат последиците од повредите и заболувањата кои може да настанат во текот на работниот процес.

# Крводарителство

**Црвениот крст на Република Македонија во 2007 година реализираше 50.007 доброволни крводарувања и планските обврски ги исполни со 85.69 %.**

**Резултатите постигнати во крводарителството во 2007 година, а споредени со резултатите во 2006 година се подобри за 1.908 единици крв или за 3.27 %.**

| ООЦК | план | реал. | во % |
|---|---|---|---|
| Крушево | 288 | 814 | 282,64 |
| Штип | 1521 | 4002 | 263,12 |
| Виница | 572 | 1416 | 247,55 |
| Велес | 1973 | 2914 | 147,69 |
| Охрид | 1823 | 2470 | 135,49 |
| Центар | 2551 | 3148 | 123,40 |
| К.Паланка | 753 | 913 | 121,25 |
| Св.Николе | 643 | 752 | 116,95 |
| Кавадарци | 1258 | 1421 | 112,96 |
| Валандово | 363 | 397 | 109,37 |
| Делчево | 774 | 835 | 107,88 |
| Битола | 3246 | 3406 | 104,93 |



## Меморијална крводарителска акција

На 5-ти март 2007 година, во Домот на АРМ во Скопје, беше организирана Меморијалната крводарителска акција посветена на починатиот претседател на Република Македонија Борис Трајковски.

На оваа крводарителска акција која се организираше по четвртти пат, крв даруваа 64 граѓани од Скопје и Струмица, а истата беше посетена од г-ѓа Вилма Трајковска.



## Одбележан 17 Март
## Ден на Црвениот крст на РМ
## и Ден на крводарителите

По повод 17 Март во хотелот “Холидеј Ин” во Скопје се одржа свечена седница на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија, на која пред присутните се обратија претседателот на Црвениот крст на Република Македонија Д-р Јован Дамјановски, претседателот на државата г-дин Бранко Црвенковски и министерот за здравство Д-р Имер Селмани.

Се одржа стручна трибина за крводарителство на тема “Концепти на доброволното дарување на крв во Република Македонија и споредбена анализа со други НД на Црвен крст во регионот и Европа”.

Беа доделени награди на првопласираните три ООЦК Виница, Штип и Крушево за 2006 година, како и плакети за останатите ООЦК кои го исолнија планот за крводарителство во 2006 година. Беа промовирани ТВ спот за крводарителство со мега музичката звезда Тоше Проески и прирачникот за едукација на мотиватори во крводарителството од страна на проф. д-р Кирил Темков од Филозофскиот факултет во Скопје.

Во просториите на Црвениот крст на Р. Македонија беше организирана средба со министерот за здравство Д-р Имер Селмани, на која министерот беше запознаен со активностите и проблемите со кои се соочуваат Црвениот крст и трансфузиолошката служба.





Ноќната програма на Македонското радио-радио Скопје целосно беше посветена на Црвениот крст. Гости во програмата беа одговорни лица од Црвениот крст, активисти, крводарители, музички звезди, а беше воспоставен телефонски мост на хуманоста со Љубљана, Белград и Софија.

## “Вашите пет минути за некого цел живот”

Градската организација на Црвен крст на Скопје во соработка со компанијата “Космофон”, организираше кампања за унапредување на крводарителството под мотото “Вашите пет минути за некого цел живот”. Кампањата опфати седум крводарителски акции со вкупно собрани 826 единици крв, организирани во градовите Тетово, Кавадарци, Скопје, Битола, Охрид, Виница и Куманово. Кампањата, беше поддржана од страна на локалната самоуправа во градовите, бизнис секторот, општествениот сектор и медиумски личности, а беше покриена и со големо медиумско информирање.

## Едукација на млади мотиватори

Црвениот крст на Република Македонија, во периодот од 15-17 април 2007 година во Струга го организираше семинарот-работилница за едукација на млади мотиватори во крводарителството.

На семинарот-работилница за едукација на млади мотиватори земаа учество 29 претставници од општинските организации на Црвен крст и две претставнички на Албанскиот Црвен крст, а беа донесени следните заклучоци:

- Да се продолжи во континуитет со организирање на едукативни семинари за мотиватори;
- Да се формираат клубови на млади крводарители;
- Да се подобри соработката со медиумите, и да се води медиумска кампања ;
- Сите учесници на семинарот активно да се вклучат во крводарителската кампања за соборување на Гинисов рекорд на 11 и 12 мај 2007 година ;
- Да има размена на искуства за крводарување и меѓународна соработка ;

## “Да го прославиме дарувањето на крв”

На 14-ти јуни 2007 година се одбележа Светскиот ден на крводарителството, под мотото “Да го прославиме дарувањето на крв,,.

Најмасовна крводарителска акција беше организирана од страна на младите во ООЦК Штип, каде беа собрани 191 единици крв, а самата акција беше проследена од локалните средства за информирање и со учество на повеќе музички имиња.

### Клуб на крводарители

На 29-ти јуни 2007 година беше промовиран Клуб на крводарители на Црвениот крст на Република Македонија.

Клубот на крводарители работеше еднаш неделно, секој понеделник од 17.00-19.00 часот.

## Едукација на студенти за мотиватори во крводарителство

Од 22-24.11.2007 година во Струга, се одржа семинар /работилница за едукација на студенти за мотиватори во крводарителство.

На овој семинар земаа учество студенти од сите државни и приватни универзитети во Република Македонија и гости студенти и од универзитетите во Тирана и Корча Р. Албанија и од Плевен Р. Бугарија. Семинарот ги постигна своите цели и очекувања, беше интерактивен, имаше одлично подготвени презе- нтации на пожер поинт техника, беа презентирани искуства во крводарителство од други држави (Словенија, Хрватска, Србија), пред се преку филмови каде се прикажани организирани кампањи и телевизиски спотови.

# Социјално - хуманитарна дејност

**Во опсегот на дејствување на планот на социјално - хуманитарната дејност во текот на 2007 година беа остварени значајни акции и активности наменети за помош и грижа на ранливото население во нашата земја, како и развојни програми за унапредување на методологијата за работа на лицата ангажирани на овој план во општинските организации на Црвениот крст.**

## ,,И малата помош е голема,,

Во рамките на Неделата на солидарноста,, која се одбележа од 1 до 7 јуни под мотото,,И малата помош е голема,, беше организирана Собирна акција за обезбедување помош во храна, облека, средства за хигиена, обувки, постелнина, како и парични прилози. Целта беше да се побуди чувство на хуманост, взаемност и солидарност кај граѓаните, посебно кај младата генерација за меѓусебната помош и поддршка, како и да се обезбеди соодветна помош за најранливите категории на население.

За популаризирање на Неделата беа подготвени постери и флаери, а вклученоста на медиумите придонесе Собирната акција да биде пошироко промовирана во јавноста. Во акцијата се собраа вкупно: 867 кгр. прехранбени артикли, 10.090 кгр. облека, 401 пар обувки. 220 парч. постелнина и 158 кгр. средства за хигиена. Помошта од страна на општинските организации на Црвениот крст е доделена на ранливо население во нивните средини.

## ,,Со почит кон старите лица,,

Од 19 до 25 ноември 2007 година со пригодни активности се одбележа традиционалната „Недела на грижа за старите лица,, под мотото: ,, Со почит кон старите лица,,. Целта за одбележување на Неделата беше да се побуди чувство кај луѓето за потребната грижа на старите и изнемоштени лица, посебно кај младите да се создаде навика за помагање и водење на поголема грижа за старите лица. За промовирање на активностите беше подготвен информативно едукативен материјал. Во текот на Неделата, општинските организации на Црвениот крст реализираа бројни активности за помош и грижа на старите и изнемоштени лица: посети во домовите за стари лица со организирани програмски





активности од страна на младите ( приредби од културно-забавен и рекреативен карактер, разговори, доделување на пригодни подароци, турнир во шах, пикадо, доделување на пригодни подароци и др.); организирано мерење на шеќерот и крвниот притисок; здравствено - превентивни предавања за старата популација; организирани посети на старите лица во нивните домови, како и доделување на хуманитарна помош на стари лица кои имаа таков вид на потреба.

## ,,Помислете и на нас,,

Црвениот крст на Република Македонија по петти пат со пригодни активности го одбележа 16 Октомври Меѓународниот -Ден на гладта. По повод Денот, а во рамките на неделата од 16 до 23 октомври 2007 година беше спроведена кампања под мотото: „Помислете и на нас“. Целта на кампањата беше покренување на општото мислење на јавноста за проблемите на сиромаштијата, како и изнаоѓање на фондови за помош на лицата кои се наоѓаат во положба од социјална потреба. Во кампањата беа реализирани разни акции и активности од хуманитарен карактер во кои поддршка дадоа голем број граѓани, организации, претпријатија и компании. Преку вредносните бонови и наменската продажба на шољи за чај беа собрани вкупно 919.420,00 денари, 9064 кгр. храна и 11853 кгр. облека и истите беа доделени на одредени целни групи кои се изложени на социјални ризици

## Заеднички развој на заедницата (ЗРЗ)

Шеста година во континуитет, со вклученост на 19 општински организации на Црвениот крст, проектот „Заеднички развој на заедницата“ успешно се применува од Црвениот крст на РМ. Методот на работа кој го нуди овој проект, полека но сигурно се препознава во општинските средини и истиот претставува можност за примена и во други програми на организацијата. Во текот на 2007 година беа вклучени девет општински организации на Црвениот крст, од кои три (Гостивар, Битола и Крива Паланка) во првиот и три (Кисела Вода, Дебар и Делчево) во вториот циклус на активности. Три општински организации (Охрид, Неготино и Куманово) се вклучени со цел да го проследат имплементирањето на целосниот проект и стекнат искуство за идно дејствување на овој план.

Целите кон заедницата, ООЦК, ЗРЗ тимот и локалните партнери се доста реално поставени и од досегашното искуство може да се говори за една сериозност не само во примената на ЗРЗ програмата од страна на ООЦК туку и успешност во прифаќање на самиот систематизиран пристап на дејствување од страна на другите партиципиенти на локално ниво.

Воспоставувањето на партнерски односи и тесна соработка со другите партиципиенти го потврдува фактот што тие активно се вклучија и дадоа свој придонес во текот на целиот процес, посебно со конкретна поддршка на нивните капацитети човечки, но и материјални и истите се подготвени за понатамошна соработка.

Со имплементација на ЗРЗ програмата се вклучија нови волонтери во ООЦК кои се заинтересирани да дадат придонес во остварувањето на хуманитарните цели и задачи на Црвениот крст. Секако дека со реализација на ваквите проектни активности од хуманитарен карактер расне и имиџот на Црвениот крст.

## Заедничка брза проценка и задоволување на приоритетните потреби на ранливото население

Во рамките на проектот „Заеднички развој на заедницата“ (ЗРЗ) во текот на јануари, февруари и јули 2007 година, беа одржани шест семинари за обука на ЗРЗ тимовите во шесте општински организации на Црвениот крст (Гостивар, Битола и Крива Паланка, Кисела Вода, Дебар и Делчево) со цел да се изврши едукација на членовите за спроведување на заедничка брза проценка на потребите на ранливото ромско население во заедниците.

Со цел да се утврдат приоритетните потреби во ранливите заедници и да се видат нивните желби и пред се капацитетите, во текот на проектните циклуси беа организирани шест работилници во голема група со претставници на ромското население.

Како резултат на утврдените приоритетни потреби беа имплементирани микро проекти во ранливите заедници: Гостивар,, Младински едукативен тренинг центар,,; со цел да се зголемат капацитетите на младите од заедницата да одговорат на предизвици на образовен план.,,Крива Паланка,, Темел за подобро утре,,, со цел да се намали неписменоста и неедуцираноста на населението во заедницата; Битола,, Спортско рекреативно катче,, каде младите ќе можат да водат здрав живот, место каде ќе се дружат со своите врсници и организирано ќе го поминуваат слободното време.

## Упатство за подобрување на активностите за помош на ранливо ромско население

На иницијатива на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, подготвено е Упатство на Црвениот крст за работа со ранливо ромско население и други маргинализирани групи во Европа. Овој практичен документ, кој содржи искуства на општинските организации на Црвениот крст од Европа, беше преведен и промовиран и во нашето национално друштво со препорака општинските организации на Црвениот крст да го користат како поддршка за подобрување на работата со ранливо ромско население и истото да се сподели како искуство и со други невладини и владини организации со кои соработуваат и имаат таков вид на интерес.



## Борба против трговија со луѓе

Во организација на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина на 27 -29 јуни 2007 година во Белград беше организиран годишен состанок на европските национални друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина кои работат на планот на борбата против трговијата со луѓе. Домаќин на средбата беше Црвениот крст на Србија, на која со свој претставник зема учество и Црвениот крст на РМ. На 27 јуни беше одржан и состанок на националните друштва од југоисточна европа, на кој присуствуваше и претставникот на Црвениот крст на РМ. Средбите се мошне значајни бидејќи можат да се разменат искуства, да се слушнат новини во дејствувањето, со цел да се подготват поквалитетни активности наменети за борба против трговијата со луѓе.



## Новогодишни подароци за најмладите

Радоста секогаш е поголема кога ќе се подели со друг. Целта на проектот ,,Децата помагаат на децата,, реализиран од страна на Хуманитарната агенција за помош АДРА од Германија е токму тоа, од најмала возраст да се сподели чувството на солидарност и хуманост со друг. Оваа организација по втор пат обезбеди донација од 2670 новогодишни пакети со играчки, чоколади, бомбони, облека и обувки, кои општин ските организции на Црвениот крст во текот на јануари 2007 година ги подарија на деца со посебни потреби и деца на социјално загрозени семејства во Македонија.

## 16 годишна плодна соработка

Плодната соработка на Германскиот црвен крст на Баден Виртемберг и Црвениот крст на РМ остварена во континуитет во текот на последните 16 години, се потврди и во текот на 2007 година со донација на хуманитарна помош вредна 29.200 евра.

Помошта се состоеше во болнички кревети, инвалидски колички, помошни средства за движење, нова облека, кујнски сетови и др. и истата беше донирана на здравствени и социјални институции и установи во земјата.

Во текот на годината беше обезбедена и втора пратка на хуманитарна помош во вредност од 31.200 евра која се дистрибуираше преку Општинската организација на Црвениот крст на Неготино. Донацијата се состоеше во инвалидски колички, болнички кревети, помошни средства за движење, нова облека, кујнски сетови, училишни клупи и столици и др. Помошта беше доделена на социјални, здравствени и образовни институции во Општина Неготино.

## Заеднички проекти за помош и грижа на старите лица

На 12 јуни во Скопје во организација на Националниот центар за континуирано образование - сениор, со поддршка на Хелп Аге Интернационал - Меѓународна организација за помош на старите лица, се одржа консулатативната средба со невладини организации кои дејствуваат на планот за укажување помош и грижа на старите лица. На средбата учествуваше претставник од стручната служба на која беа презентирани активностите за помош и грижа на старите лица кои се преземаат од страна на Црвениот крст на РМ. Од страна на организатори те беше дадена иницијатива за можни заеднички проекти и воспоставување на идна соработка.

# Подготвеност и дејствување при катастрофи

**Програмата за подготвеност и дејствување при катастрофи, е една од клучните активности на Национално Друштво, за обезбедување навремена помош за ранливото население погодено од природни катастрофи И катастрофи предизвикани од човек, како и подготвување на професионалниот и волонтерскиот кадар во Црвениот крст на РМ, поширокaта популација И други институции за одговор во случај на кастрофи**

## Младите во програмата за подготвеност и дејствување при катастрофи

Работилницата на тема “Младите на Црвен крст во катастрофите”, се одржа од 01-03 Април 2007 година во Струга со финансиска поддршка од Меѓународниот комитет на Црвен крст. На работилницата учествуваа младинци од сите општински организации на Црвениот крст.

Теми на работилницата беа дисеминација, правна регулатива за подготвеност и дејствување при катастрофи , поставеност на Црвениот крст на РМ, местото и улугата на организацијата во катастрофи, проценка, дата база на Црвениот крст на РМ, општо за катастрофите и што да се прави пред, за време и по катстрофите.

Целта на работилницата беше да се поттикнат младите волонтери во општински организации на Црвениот крст, за анагажирање на планот на подготвеност и дејствување при катастрофи и да се дефинираат задачите на општинските организации пред, за време и по катастрофите.




## Коориннација и комуникација на планот за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи во Југоисточна Европа

Од 03-05 Септември 2007 година во Сутоморе- Р.Црна Гора, претставник на Црвениот крст на РМ, учествуваше на работилница за координатори на Националните друштва на ЦК од Југоистиочна Европа, каде беше прикажана и наватa дата-база „ДРИС” на Меѓународна Федерација. На работилницата сите Национални координатори ги презентираа активностите на своите НД, како и плановите за дејствување.



## Хуманитарна мисија во Пакистан

Во Септември 2007 година претставник на Црвениот крст на РМ, Дејан Блажевски, меѓународен инструктор за вода и санитација, на покана од Австриски Црвен крст беше на мисија во Пакистан.

Цел на мисијата беше снабдување на населението со вода за пиење, по поплавите кои го зафатија поголемиот дел од Пакистан. Ова е уште еден голем успех за нашето Национално друштво.

## Подигање на јавната свест за самозаштита и заштита во случај на катастрофи во образовниот систем во Р.М

Во текот на Октомври и Ноември 2007 година во Струга, се одржаа 3 работилници за професори од средните училишта на РМ, на тема: "Подигање на јавната свест за самозаштита и заштита во случај на катастрофи".

На работилницата учество земаа 90 професори, кои по завршување на работилниците имаа задача во своите училишта да ги едуцираат вработените и учениците за опасностите од катастрофи, мерките кои треба да ги превземат пред, за време, по катастрофата и да направатат план за евакуација во училиштето.

## Стратешки план

Во текот на годината беше изготвена Стратегија за развој на Црвениот крст на РМ на планот на подготвеност и дејствување при катастрофи за период 2008-2010 година. Стратегијата беше подготвена од страна на работна група во која свој претставник имаше и Меѓународниот комитет на Црвен крст кој и финансиски го поддржа публикувањето на овој документ.

## Размена на искуства и соработка од областа на катастрофите

Од 09-14 Ноември 2007 година во Москва-Русија, се оддржа работилница за подготвеност и дејствување при катастрофи, за земјите од Европската зона, Централна Азија и зад Кафакаските држави.

Претставник на Црвениот крст на РМ учествуваше на работилницата како преставник на Европскта зона, на која беа презентирани активностите на Црвениот крст на РМ на планот на подготвеност и дејствување при катастрофи. На работилница беа разменети искуства и дадени предлози за идна соработка на овој план.

## Учество на Црвен крст во подобрување на Законската регулатива од областа на катастрофите

Во текот на Јули и Јуни 2007 година Црвениот крст на РМ даде придонес во дополнувањето на Правилникот на загрозеност на РМ од природни катастрофи и други несреќи изготвен од Дирекција за заштита и спасување како и нацрт-Законот за рана превенција и заштита од високи температури и деловникот за работа на Главниот Штаб на Центар за управување со кризи (ЦУК), изготвен од ЦУК.

## Местото и улогата на Црвен крст во системот за Заштита и спасување во Р.М

Во период од 03-06/12/2007 беа одржани 4 еднодневни семинари со Единици на локална самоуправа (ЕЛС) на тема Местото и улогата на Црвен крст во системот за заштита и спасување на РМ.

Семинарите ги организараше Црвениот крст на РМ и Здружението на ЕЛС со финансиска подршка на Меѓународниот комитет на Црвен крст. Работилниците се одржаа во Штип, Скопје, Неготино и Струга.

Теми на семинарот беа: Дисеминација за Црвен крст, Организациона поставеност на ЦУК со акцент на пожарите во Македонија, Организациона поставеност на ДЗС со анализа на обврските на градоначалникот и советот на општината, Законска регулатива за местото и улогата на ЦКРМ во системот за заштита и спасување, Стратегија за развој на ПДК на ЦКРМ 2008-2010 година и Заштита од климатски промени. На работилниците учествуваа преставници од 29 Општини од можни 85.

# Млади

**Младите на Црвен крст на РМ во текот на годината превземаа интензивни мерки за унапредување на квалитетот на пружање на услуги и развој на сопствените човечките ресурси. За таа цел најпрвин се формираа работни тела за работа со студенти и работно тело за внатрешно информирање.**

## Обука на млади волонтери на Црвен крст

Младите на Црвенинот крст на РМ се носители и движечка сила на поголемиот број на активности на Националното друштво. Она што треба да се истакне во 2007 година е дека за прв пат младинските организации на Црвен крст иницираа обуки по дејности и тоа за улогата на младите во случај на катастрофи и два семинари за промовирање на крводарителството помеѓу младата популација, со особен фокус на студентите.

Кон крајот од изминатата година беа организирани два семинара за раководење на млади волонтери, на кои се договорени техники за евидентирање на млади волонтери и нивните залагања, како и воспоставување на една нова форма на проток на информации за активнос тите во секоја општинска организација. Како резултат на тоа се направи и обнова на веб страната на Црвен крст на РМ и се активираше во употреба форумот на млади.



## Спортско - рекреативна и хуманитарна акција „За посреќно детство“

Црвен крст на РМ за прв пат ја организираше спортско- рекреативната и хуманитарна акција „За посреќно детство“. Таа беше насочена кон младата популација, при што во пилот фазата беа опфатени 13 ООЦК. Станува збор за собирна акција на која беа организирани спортски натпревари каде учесниците партиципираа со средства преку купување на учеснички бонови. Собраните средства од акцијата беа наменети за одредени целни групи.

## Музички хепенинг

Во рамките на активностите по повод одбележување на „Недела на Црвен крст“ младите организираа музички хепенинг во Градскиот парк во Скопје, каде на еден специфичен начин ги промовираа трите актуелни кампањи: „Симбол за почит“,„Акција за соборување на гинисов рекорд во собрани единици крв“, и Спортско хуманитарната и рекреативна акција “За посреќно детство”. Во присуство на петилјадна публика се вршеа презентации на активности на Црвениот крст.




## Меѓународнен младински камп ,,Пријателство без граници,,

Во центарот за рекреација и едукација на кадри на Црвен крст во Струга, во 2007 година се одржа 10-от младински камп “Пријателство без граници”. На кампот учествуваа 31 младинец од повеќе национални друштва на Црвен крст, како и претставници на раководствата на соседните национални друштва и претставници на Меѓународната федерација и Меѓународниот комитет на ЦК во регионот.

Кампот придонесе за унапредување на младинската соработка на овие земји и промоција на културните вредности и принципите на Црвениот крст.

## Учество на меѓународни младински кампови, конференции и семинари

Млади волонтери на Црвениот крст на РМ учествуваа на неколку меѓународни случувања од кои за одбележување се: Европска конференција на Националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина во Истанбул-Турција, меѓународна конференција “Медитерански крстоносци” во Монополи- Италија, младински меѓуароден камп “Балканика 2007” во Босна и Херцеговина, младински меѓународен камп “Сојуз на нации” во Истанбул-Турција.

## Младински координат

Со поддршка на Норвешки Црвен крст, преку проектот за надградба на капацитети, во 2007 година се ангажираа четири младински координатори во општинските организации на Црвен крст и еден координатор во Црвен крст на град Скопје, кои покрај координација на сопствените ООЦК имаат и една дополнителна обврска за координирање на уште една ООЦК.

# Информирање и комуникации

**Во изминатата година активностите во делот на информирањето и комуникациите во Црвениот крст на Република Македонија се стремеа да ги адресираат недостатоците кои претходно беа идентификувани и да се подвелече потребата на организацијата за интензивирање на комуникациските активности, со цел да се зголеми нејзиниот кредибилитет и да се подигне свеста за нејзината улога помеѓу клучните заинтересирани субјекти. Црвениот крст на РМ исто така вложи напори да ги идентификува вистинските средства за комуницирање со целните групи. Дополнително организацијата ја постави основата по која ќе може да го следи напредокот во смисла на сопствен публицитет и да се прилагодува себе си, со цел да одговори на комуникациските побарувања, кои може да се појават во иднина.**

## Електронскиот весник

Како резултат на позитивниот одзив од реализацијата на активноста „е-весник“ во 2006-та година, во 2007 електронското гласило на Црвениот крст на Република Македонија, со 28 нови содржини од реализирани активности на општинските организации и градската организација на Црвен крст, беше дистрибуиран до 45.000 е-маил адреси во државата.

Издавањето на неделното издание на е-весникот претставуваше еден од важните средства за осовременување на комуникацијата со различни целни групи, а воедно и редовно пласирање на информации за реализирани активности до јавноста.

## „Хумани Меридијани“

Во весникот на Црвениот крст на Република Македонија „Хумани Меридијани“ концепциски беа внесени големи промени во уредувачката политика, со што особено со последниот декемвриски број значително се прошири читачката публика заради различните содржини кои беа пласирани. Значајно е да се напомене и големиот интерес на фирми и компании кои маркетиншки се рекламираа во овој број на весникот. Ваквиот начин на финансирање во иднина сигурно ќе допринесе до зголемување на тиражот и бројот на изданија во годината.

Оваа година со финансиска поддршка на Норвешкиот Црвен крст, се отпечатија 2 броја на весникот.

## Издавачка дејност

Печатените изданија на Црвениот крст на Република Македонија во голема мера допринесоа за јакнење на имиџот на организацијата, транспарентноста, а воедно претставуваа и ефикасен начин на директна комуникација со јавноста. И во изминатата година со печатен пропаганден материјал беа одбележни традиционалните и други активности на организацијата. Црвениот крст на Република Македонија и понатаму продолжи во соработка со Македонски пошти да ги печати поштенските марки со содржини поврзани со четири традиционални активности на Црвениот крст на РМ.



## Соработка со медиумите

Комуникацијата со медиумите секако дека претставуваше еден од приоритетите во изминатата година. Преку соопштенија за печатот, конференции за печат и јавни настапи на електронските медиуми, средствата за јавно информирање беа постојано присутни при реализацијата на активностите на Црвениот крст на РМ. И оваа година соработката со нив се покажа како исклучително корисна алатка за нашето директно поврзување со јавноста. Континуитетот во соработката и оваа година се продолжи со одржување на традиционалниот семинар со новинари на кој присуствуваа 17 претставници на редакции на печатени и електронски медиуми. Семинарот беше организиран во соработката со канцеларијата на Меѓународниот Комитет на Црвен крст.

## ВЕБ страна на Црвениот крст на Република Македонија

Од почетокот на март 2007 година започна да функционира новата редизајнирана ВЕБ страна на Црвениот крст на Република Македонија. Сите корисници на интернет на адресата **ww.redcross.org.mk** имаа можност да се запознаат со организацијата, нејзината мисија и активностите кои ги реализира во текот на целата година. Овој начин на комуникација со јавноста секако дека допринесува кон континуирано следење на современите текови во информатичката технологија.




| јануари | февуари | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. | октом. | ноем. | декем. | за 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 0 | 129 | 1234 | 756 | 905 | 769 | 804 | 742 | 684 | 598 | 661 | 7282 |

Статистика за посетеноста на веб страницата по месеци за 2007 година



# Меѓународна соработка

**Во 2007 год., Црвениот крст на Република Македонија спроведе повеќе меѓународни активности, кои беа насочени кон исполнување на зацртаните организациски и развојни приоритети, унапредување на партнерската соработка и обезбедување поддршка од националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и Меѓународниот Комитет на Црвен крст и други меѓународни организации.**

## Меѓународна поддршка на проекти и програми

Билатералната поддршка на Норвешкиот Црвен крст за нашето национално друштво во 2007 година во областа на надградба на капацитетите се оствари во следниве програмски области: млади на Црвениот крст, информирање и комуникации, подготвеност и дејствување при катастрофи, мобилизирање на фондови и заеднички развој на заедниците. Програмската поддршка беше остварена и преку Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина - Регионална канцеларија за Централна Европа, Будимпешта која поддржа неколку проекти кои се имплементираа во нашата земја во изминатата година од кои ги издвојуваме проектот за подготовка на тригодишен план за интензивна надградба на капацитети на Црвениот крст на Република Македонија, поддршка на неколку кампањи како што се „Денот на гладта”, подготвеност при катастрофи (обука на регионални тимови за дејствување при катастрофи), намалување на штетите од дрогата и др. Меѓународниот Комитет на Црвен крст - Канцеларија Скопје обезбеди програмска поддршка во делот на дисеминацијата, подготвеност и дејствување при катастрофи, службата за барање и организациски развој, кои беа успешно реализирани во 2007 година. Плодната соработка и имплементацијата на горе наведените програмски активности со Меѓународниот Комитет на Црвен крст ќе продолжат и во 2008 година.




## Меѓународни настани

Во текот на годината претставници на Црвениот крст на Република Македонија учествуваа на повеќе меѓународни конференции, семинари, состаноци, обуки и младински кампови. Меѓународните активности по дејности се интегрален дел на овој извештај.

## Лидерски состанок на национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина од Централна Европа

Двочлена делегација на Црвениот крст на Република Македонија учествуваше на лидерскиот состанок во Будимпешта, Унгарија кој се одржа во периодот од 2 до 3 март 2007 година. Лидерскиот состанок го организираа Регионалните делегации на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и Меѓународниот Комитет на Црвен крст со седишта во Будимпешта. Содржините кои беа презентирани и дискутирани беа следниве:

- Разгледување на новата поставеност на Меѓународната Федерација во Европа и регионот.
- Подготовка за 7-та Европската Конференција на Црвен крст и Црвена полумесечина и дискусии по темите на Конференцијата во областа на здравствената програма и миграциите.
- Имплементција на Рамката за Акција и Глобалната Агенда на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.
- Имплементација на промените во Севиљскиот Договор на Движењето
- Приоритетите во планирања на националните друштва за 2007 и начините на заедничка работа во иднина.
- Лидерскиот состанок беше искористен и за повеќе билатерални средби со националните друштва присутни на средбата при што стана збор за унапредување на меѓусебната соработката и обезбедување на можности за взаемна поддршка во регионот.

## 7-ма Европска Конференција, Истанбул 2007

Трочлена делегација на Црвен крст на Македонија учествуваше на 7-та Европска Конференција на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина која се одржа во Истанбул во периодот од 20 до 24 јуни во организација на Турската Црвена полумесечина. Двете главни теми кои се дебатираа на Конференција беа здравствена и социјална грижа во заедницата (со посебен акцент на ХИВ/СИДА-та и туберкулозата и миграции (со посебен акцент на заштита, помош и трајни решенија за мигрантите). Црвениот крст на Република Македонија имаше своја презентација на Конференцијата на тема „Севиљски Договор и Дополнителни мерки”. На Конференцијата учествуваа 49 национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина од Европа и повеќе национални друштва од други континенти во својство на набљудувачи, како и Меѓународната Федерација и Меѓународниот Комитет на Црвен крст. На конференцијата присуствуваа и повеќе претставници на други меѓународни невладини организации и партнери.

## Статутарни состаноци на Движењето



Делегација на Црвениот крст на Република Македонија учествуваше на статутар- ните состаноци на Движењето кои се одржаа од 20 до 30 ноември 2007 година во Женева, Швајцарија. **Генералното Собрание** на Меѓународната Федерација се одржа од 20 до 22 ноември. Како нова 186-та членка во Федерацијата беше примен Црвениот крст на Црна Гора. Собранието усвои неколку амадмани на Уставот на Меѓународната Федерација, а исто така беше усвоен планот за работа и буџетот на Меѓународната Федерација за 2008 и 2009 година кој изнесува 164 милиони франци. На Генералното Собрание 10 национални друштва добија награда Хенри Дејвидсон - за исклучителен придонес во хуманитарната мисија на Меѓународната федерација. **Советот на Делегати** се одржа од 24 до 25 ноември. Советот усвои Резолуција за помошната улога на националните друштва во државите како партнери на владините институции и го разгледа извештајот за имплементирање на Меморандумот за разбирање помеѓу Меган-Давидовата ѕвезда и Палестинската Црвена полумесечина. Советот на Делегати дебатираше за употребата на амблемот во промотив- ни цели, координацијата и соработка помеѓу компонентите на Движењето, намалување на употребата на нагазни мини и дисеминација и имплементирање на одредбите од МХП. На советот на делегати беа доделени 4 медали „Анри Динан” за исклучителен придонес во хуманитарната сфера. **30-та Меѓународна Конференција на Црвен крст и Црвена полумесечина** се одржа од 26 до 30 ноември под слоганот „Заедно за хуманоста”. На Конференцијата присуствуваа претставници на национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународната Федера-



## Билатерална соработка

ција, Меѓународниот Комитет на Црвен крст и претставници на држави потписнички на Женевските Конвенции. Дебатата на Конференцијата беше сконцентрирана на четири теми поврзани на унапредување на соработката помеѓу националните друштва и Владите: деградирање на животната средина, глобалното затоплување и климатските промени, меѓународни миграции, насилство во урбаните средини, непредвидливи и периодични болести и други здравствени предизвици. Конференцијата усвои Резолуција „Заедно за хуманоста“ со која се повикуваат државите да работат на унапредување на имплементацијата на МХП и за превземање напори за справување со актуелните хуманитарни предизвици. Беше усвоена и Резолуција за унапредување на соработката помеѓу Палестинската Црвена полумесечина и Меган Давидовата ѕвезда согласно со потпишаниот Меморандум за разбирање. Конференцијата ја избра и Новата Постојана Комисија за претстојниот четиригодишен период. Делегацијата на Црвениот крст на Република Македонија и владината делегација на Р.Македонија потпишаа заложба за промовирање на МХП и работата на националниот комитет за МХП во Р.Македонија.

Во текот на 2007 година Црвениот крст на Македонија оствари плодна соработка со повеќе национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина. Беа остварени неколку работни посети на националните друштва во регионот а исто така претставници на повеќе национални друштва од Балканот редовно учествуваа во обуките и работните средби кои ги организираше нашето национално друштво со цел да се разменат позитивни искуства и знаења за промовирање на активностите на Движењето. Во текот на годината беа потпишани билатерални договори за соработка со Црвениот крст на Србија (16.01.2007), со Црвениот крст на Црна Гора (11 мај 2007) и со Бугарскиот Црвен крст (30 мај, 2007) кои претставуваат рамка за понатамошно унапредување на програмската соработка со овие национални друштва и унапредување на билатералната соработка на општинско ниво. Во месец јули делегација на Турската Црвена полумесечина оствари билатерална посета на нашето национално друштво со цел да се воспостават поблиски односи и соработка на проекти помеѓу двете национални друштва во претстојниот период. Во текот на годината претставници на Германскиот Црвен крст и Шпанскиот Црвен крст исто така го посетија нашето национално друштво со цел да се изгради стратегија за продлабочување на постоечката соработка во претстојната година.

# Служба за барање

**Службата за барање на Црвениот крст на Република Македонија применува единствена методологија на работа, а во зависност од активностите кои ги реализира, соработува со различни институции и организации, меѓу кои и Меѓународниот Комитет на Црвен крст, каде што произлегува мандатот на оваа длабоко хуманитарна активност. Со оглед на намалаениот интензитет на работа на Службата за барање, изминатата година активностите беа насочени претежно кон надградба на капацитетите на службата во Црвениот крст на Република Македонија. Реализацијата на најголем дел од нив беа финансирани од страна на Меѓународниот Комитет на Црвен крст.**

## Стратегија за работа на Службата за барање

Една од најзначајните реализирани активности, која секако и ја одбележува изминатата година на овој план, е подготовката на Стратегијата за работа на Службата за барање на Црвениот крст на РМ 2008-2010 година, кој документ дава јасни насоки за понатамошното делување на оваа служба во рамките на организацијата. Подготовката на Стратегијата беше активност која континуирано се одвиваше во текот на втората половина од годината, а беше изработена од страна на работна група која беше составена од волонтери, професионално вработени лица и претставник на меѓународниот Комитет на Црвен крст. При изработката на документот постојано беше консултирана и канцеларијата на Меѓународниот Комитет во Белград, како и веќе подготвените материјали на проценки и анализи на работата на општинските организации на Црвен крст. Во голем дел беше користена и Стратегијата на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина за воспоставување на семејни врски 2008 - 2018, која беше усвоена како документ на Движењето на Статутарните состаноци на Движењето кои се одржаа во Ноември 2007 година.

## Централна база на податоци

Со цел да се зајакне поврзаноста на сите нивоа на организираност и побрзата размена на податоци и известување, во централата на Црвениот крст на РМ беше инсталиран посебен компјутерски програм за работа на службата.

## Обука на волонтери

Големо внимание беше посветено на обуката за работа во Службата за барање. Во текот на годината беше реализирана обука на волонтери од општинските организации на Црвен крст за работа во Службата за барање, со што значително се зајакнаа капацитетите на службата во општинските организации на Црвен крст.

## Регионална соработка

Регионалната соработка на овој план во изминатата година беше зајакната со организирањето на заедничка средба од страна на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во Опатија, Хрватска, на која учествуваа претставници на Службите за барање на националните друштва од поранешните југословенски простори. Целта на средбата беше размена на искуства, како и промовирање на предлози и идеи кои во иднина би ја зајакнале регионалната соработка, како многу важен сегмент во дејствувањето на Службата за барање.

## Поврзување на семејства

Во текот на 2007 година во Службата за барање беа регистрирани 7 случаи на исчезнати лица, од кои само едно беше поврзано со конфликтна состојба, додека останатите шест се случаи на миграции во мирновременски услови. 4 од овие случаи беа затворени, додека 3 од нив се пренесени за решавање во 2008 година.



# Финансиско работење и мобилизирање на фондови

## Отчетност и транспарентност во финансиското работење

Со цел да се обезбеди континуирана транспарентност и отчетност и во два наврата во текот на 2007 година
се спроведе ревизија на Финансиското и материјалното работење на Црвениот крст на Република Македонија.

Од страна на Извршниот одбор се формира комисија која изврши внатрешна ревизија на целокупното финансиско и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна и независна ревизирска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Македонија, на целокупното финансиско - материјално работење на Црвниот крст на РМ. Спроед мислењето на ревизорската куќа Црвениот крст на РМ ја прикажуваат финансиската состојба на организацијата реално и објективно.

## Фонд за развој

Во текот на 2007 година, ООЦК аплицираа за финансиска подршка на вкупно 22 проекти, од Фондот за развој на Црвениот крст на РМ, на планот на унапредување на институционалниот развој, Здравствено превентивна дејност - Здрвје на мајки и деца и Социјално хуманитарна дејност - поддршка на лица со посебни пореби.

Согласно одлуката за годишната политика за работа на Фондот во 2007 годика, како и критериумите и условите согласно Правилникот за работа на Фондот за развој, беа одобрени 4 проекти поднесени од Црвен крст на град Скопје, ООЦК Крушево, ООЦК Прилеп и ООЦК Кичево.

Во 2007 година беше формиран одбор на Фондот за развој, со цел да ги разгледува аплицираните проекти и да дава предлеог на ИО за нивно одобрување.

## Едукација на секретари и волонтери за обезбедување на фондови

Црвениот крст на РМ од 7-9 ноември во Струга организираше семинар за размена на искуства и техники во областа на маркетингот односно обезбедување на фондови. Оваа активност е дел од имплементација на Проектот за надградба на капацитетите на Црвениот крст, поддржан од страна на Норвешкиот црвен крст, а во координација на Регионалната делегација на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина со седиште во Будимпешта. Целта на семинарот беше запознавање со системскиот пристап кон компаниите за обезбедување на финансиски средства.

На семинарот учествуваа вкупно 30 претставници на Црвениот крст, вработени, волонтери на општинските организации на Црвениот крст и претставници на стручната служба на Црвениот крст на РМ.

# Истражување на јавното мислење

## Позитивни атрибути поврзани со работата на Црвениот крст на РМ

*Идејата да се започне со истражување на јавното мислење за состојбата на имиџот на Црвениот крст на Република Македонија, за прв пат се реализира во 2006 година, кога беше ангажирана *Брима Галуп Интернационал* специјализирана институција за ваков вид на дејности. Податоците кои беа добиени од истражувањето беа од извонредно значење за понатамошното програмирање на активностите во организацијата. Токму затоа Црвениот крст на Република Македонија исто вакво истражување направи и во ноември 2007 година, каде добиените податоци се споредени со податоците во 2006 година.*

*Споредбената анализа на добиените резултати покажува доминација на позитивните ставови на граѓаните во Република Македонија во однос на Црвениот Крст на Република Македонија (како и во истражувањето од 2006 год.). Значајно е да се напомене дека добрата слика (позитивен имиџ) на Црвениот Крст на Република Македонија, која што граѓаните веќе ја имале во 2006 година, е значително подобрена.*

*Општа констатација е зголемување на бројот на граѓани кои ги истакнуваат позитивните атрибути за ЦК на РМ: Хуманитарноста, Независноста, Чесноста , Неутралноста, Непристрасноста, Ефикасноста и Транспарентноста.*

*Евидентно е и зголемувањето на информираноста на граѓаните на Р. Македонија за активностите на ЦК, кое што може да биде еден од битните фактори кои што учествуваат во градењето на позитивниот имиџ.*




■ Најчесто споменат е Црвениот Крст на Македонија, спонтано го наведуваат 51% (43% во 2006 год., статистички значајна разлика на ниво од 95% сигурност); ■ На второ место е Ел Хилал, спонтано го наведуваат 23%; ■ На трето место е Класје на добрината, 8% ■ На четврто место е УНИЦЕФ, 6% ■ На петто место е Мајка Тереза, 4%. ■ Сите останати ХО имаат рејтинг помал од 4%.




### Мислење за ЦК на РМ

- 69% од испитаниците во 2007 год. кои го препознаваат ЦК на РМ имаат позитивно мислење за ЦК на РМ, 19% имаат неутрално, а 5% имаат негативно мислење.

Компаративна табела за истражувањата од 2006 и 2007 год. е следнава:




## Потпомогнато (промптно) познавање на ЦКМ

- Испитаниците кои спонтано не го спомнале ЦКМ дополнително беа прашани “Дали сте слушнале за ЦК на РМ”. 94% од нив одговориле потврдно, а 6% одговориле дека не слушнале за ЦК на РМ.
- Вкупната свесност за ЦК на РМ ја добиваме како кумулатив од спонтаната + промптната (поттикната) свесност и таа изнесува 95% од вкупниот број на испитаници во истражувањето.

## Прва асоцијација за ЦК на РМ

- Општо земено асоцијациите на испитаниците со ЦК на РМ се многу позитивни. На прашањето “Која е првата работа што ви доаѓа на ум кога ќеслушнете ЦК на РМ” во најголем број случаи
- (34%од испитаниците) ЦК на РМ го асоцираат со помош (како општ поим). (Во овој бран одговорите на оние испитаници кои што специфицирале одреден тип на помош се прикажани во посебни категории, кои ако се кумулираат со категоријата “помош” би дошле до севкупна асоцијација на категоријата помош од 42%).
- Хуманоста е застапена со 17%,
- Асоцијација со крводарителство искажале 13% од испитаниците




## Имиџот на ЦК на РМ формиран врз основа на преференција на атрибутите поврзани со ЦК на РМ




И во ова истражување од 2007 год. во контекст на позитивниот имиџ на ЦК на РМ кај повеќето од испитаниците доминира преференцијата на позитивните атрибути поврзани со работата на ЦК на РМ. Општа констатација е зголемен процент на бројот на испитаници кои ги истакнуваат позитивните атрибути за ЦК на РМ:

- Хуманитарност (од 64% во 2006 на 81% во 2007)
- Независен (од 29% во 2006 на 41% во 2007)
- Чесен (од 25% во 2006 на 36% во 2007)
- Неутрален, непристрасен (од 15% во 2006 на 35% во 2007)
- Ефикасен (од 15% во 2006 на 30% во 2007)
- Транспарентен (од 6% во 2006 на 18% во 2007)

**Испитаниците дополнително ги прашавме дали донацијата била во парични средства или друг вид на помош, на што се добиени следниве одговори:**

- 90% од испитаниците споменале дека донирале друг вид на помош а 25% дека донирале парични средства.




**Во истражувањето од 2007 год. испитаниците дополнително ги прашавме кои според нивно мислење би требало да бидат донатори на ЦК на РМ. Овозможено е спонтано да наведат повеќе можни донатори.**

Би ги истакнале следниве одговори:

- 42% од испитаниците спомнале дека богатите граѓани би требало да бидат донатори на ЦК на РМ
- 40% сметаат дека тоа би требало да биде Владата (Државата)
- 33% сметаат дека тоа би требало да се сите граѓани на Р.Македонија.




**Подготвеност на граѓаните на Р.Македонија за вклучување во активностите на ЦК**

Спремноста за вклучување во активностите на ЦК на РМ како член или волонтер е речиси непроменета во однос на истражувањето од минатата (2006) година.

- Како членови на ЦК би сакале да се вклучат 12%
- Како волонтери 21%
- Не сакаат да се вклучат 26%
- Не размислувале за тоа 29%
- Не знаат (неодлучни) 12%







**Од сите активности на ЦК на РМ најчесто наведена е:**

- хуманитарната помош (89% од испитаниците),
- 71%од нив ги спомнале превентивните програми за 33 (крводарителство и прва помош),
- 45% од нив спомнале програми за подготвеност и дејствување во случај на катастрофи итн.

## Настани од многубројните активности што ја одбележаа 2007 година во дел од општинските организации на Црвениот крст во Република Македонија.

### *Црвен крст на Кичево*

### Активности на Клубот на млади

Клубот на млади формиран во Општинската организација на Црвен крст на Кичево, во кој членуваат ученици од ОСУ ,,Мирко Милески,, од Кичево, изработија проект чија цел беше доделување на еднократна помош на дваесет деца со специјални потреби од Центарот за дневен престој во Кичево. Учениците од македонски и албански наставен јазик заедно рачно изработуваа предмети, ланчиња, картички, фотографии, украсни кутии и др. и истите ги продаваа на штанд поставен во училишниот двор. Во текот на реализација на проектот особено дојде до израз заедничкото дружење со децата со специјални потреби.

### *Црвен крст на Валандово*

### Вонредна крводарителска акција

Во Општинската организација на Црвениот крст на Валандово се јави потреба за обезбедување на крв за пациентка од Валандово која беше на лекување во клиниката за хематологија во Скопје. Во моментот имаше недостаток на крв, поради што општинската организација во соработка со Црвениот крст на РМ организираше вонредна крводарителска акција на која крв дарувaa 43 граѓани на Валандово и околината.

### *Црвен крст на Радовиш*

### Радовишани помагаат

Младите на Црвениот крст на Радовиш организираа Собирна акција во прехранбени продукти, средства за хигиена, облека и новогодишни украси за едно семејство во с. Конче. Се работеше за самохрана мајка чиј сопруг е починат, а живее сама со своите пет малолетни деца. Таа нема сопствен дом и живее во една соба во општинската зграда. По реализацијата на собирната акција, семејството беше покането во просториите на Црвениот крст, каде младите им ја предадоа собраната помош.

### *Црвен крст на Гевгелија*

### Новогодишни подароци за децата со посебни потреби

Црвениот крст на Гевгелија по повод Новогодишните празници на децата со посебни потреби од дневниот центар кој функционира во општината, им доделија новогодишни пакетчиња. Настанот се случи на 25 Декември 2007 година во просториите на градинката каде што е сместен центарот. 14-те дечиња кои го посетуваат овој центар со неизмерна радост ја покажаа својата благодарност за подароците.

### *Црвен крст на Чаир*

### ,,Да научиме што е Црвениот крст,,

Преку проектот “Да научиме што е Црвениот крст”, финансиран од Меѓународен комитет на Црвен крст, беа опфатени 560 младинци во основните училишта. Со дисеминација во месните заедници и контакти со младите беше забележана одреден број на млади консуматори на дроги. Црвениот крст на Чаир реализираше активност на нивно вклучување во советувалиште за борба против болести на зависност.

### *Црвен крст на Демир Хисар*

### Спој меѓу хуманоста и пишаниот збор

Општинската организација на Црвен крст Демир Хисар на 18 август 2007 година во просториите на библиотеката АЛ-БИ во с. Бабино, организираше крводарителска акција во соработка со Републичкиот завод за трансфузија Скопје. Пред големиот број крводарители кои се одзваа на акцијата, беше промовирана и книгата од авторот Весна Дамчевска Илиевска. Со ова беше направен убав спој меѓу хуманоста и пишаниот збор.

### *Црвен крст на Македонски Брод*

### Помош за семејството Крстевски

Семејната куќа на Крстевски Сашко од с. Летово, Македонски Брод, беше до темел изгорена. Општинската организација на Црвениот крст веднаш превзеде акција и заедно со волонтерите организираа собирна акција за обезбедување на облека, ќебиња и друга помош.

Црвениот крст и досега превземал слични активности за помош на ова семејство кое е корисник на социјална помош.

## Црвен крст на град Скопје

### Домаќините - победници

Црвен крст на град Скопје изминатата година беше домаќин на третиот натпревар по прва помош на главните градови од земјите на Југоисточна Европа кој се одвиваше од 30.06-3.07.2007 год. во Центарот за едукација и рекреација на кадри во Струга. Учесници на натпреварот беа екипи и официјални делегации од 8 главни градови од земји во регионот (Љубљана, Сараево, Белград, Софија, Подгорица, Букурешт, Тирана и Скопје) како и гости од Скопје, претставници од владиниот сектор како и од невладини организации кои активно дејствуваат во земјава. Активностите на самиот натпревар опфатија повеќе случувања, интересни за сите учесници. Беше организирана посета на Охрид, разгледување на културно-историските споменици во овој знаменит град, посета на Св. Наум со бродови и проследување на вежбата Спасител организирана од страна на Единицата за одговор при катастрофи на ЦК на Р.Македонија.

На 2.јули се одржа натпреварот на кој екипите од осумте земји учеснички укажуваа прва помош на 5 бази, а на 3 се релаксираа. Згрижуваа "повредени" во сообраќајна незгода, земјотрес, давеник, посекотини, алкохолизирани лица и лица во бесознание.

Првото место го освои градската екипа на Црвен крст на град Скопје- средношколци од ДСУ Марија Кири Склодовска, второто место го понесе екипата на Црвен крст Белград, третото место го освои екипата на Црвен крст Подгорица.

## Црвен крст на Кавадарци

### ,, За посреќно детство,,

Општинската организација на Црвен крст Кавадарци изминатата година за прв пат ја организираше спортско-рекреативната и хуманитарната акција ,,За посреќно детство,,. Целта на акцијата беше подигање на свеста кај младите за потребната помош, солидарност и хуманист на луѓето од заедницата , собирање на средства за децата со посебни потреби, во исто време дружење, забава и рекреација на младите во разни спортски активности, а сето збогатено со забавно-мучичка програма.

За успешноста на оваа манифестација многу придонесе информирањето на граѓаните за целта и начинот на спроведувањето на истата преку локалните медиум и поставувањето на постери на видни места. Младите од прво до осмо одделение се натпреваруваа во трчање на централната градска улица Илинденска, а средношколците во мал турнир во фудбал, кошарка и влечење јаже. За првите три места во сите категории за учесниците беа обезбедени дипломи и награди.
Оваа акција покрај спортско - рекреативен имаше и хуманитарен карактер, односно во продажба беа пуштени вредносни бонови, а собраните парични средства беа наменети за децата со посебни потреби од Дневниот центар и децата со посебни потреби од ОУ ,,Страшо Пинџур,,.

## Црвен крст на Неготино

### Црвениот крст во акција - Промоција на хуманите вредности

Во текот на измината година, во рамките на проектот ЦКА-ПХВ младинците од Општинската организација на Црвениот крст Неготино, изработија пет проекти од кои два беа оценети со највики оцени од страна на стручните лица кои се дел од ПХВ колегиумот.Заради тоа двајца наши волонтери беа дел од финалната работилница што ЦКА-ПХВ ја организираше во месец Мај 2007 година во Струга. Како признание за активностите и залагањето во рамките на ЦКА-ПХВ, дисеминаторот Александар Гичовски одговорен за ЦКА -ПХВ во Неготино, стана дел од ЦКА - ПХВ колегиумот на државно ниво.

Импресиите од целокупната програма на ЦКА-ПХВ кај младинците од Неготино се големи и многу позитивни, а како што веќе информиравме голем е бројот на младинци кои сакаат да станат волонтери и да бидат дел од сите активности на Црвениот Крст, како и дел од проектот ЦКА-ПХВ.

Мотивацијата на нашите младинци е: "Можеби не можеме да го промениме светот, но можеме да ја промениме средината во која живееме и да направиме мали работи кои ќе бидат значајни за некого на кого што навистина му е потребна било каква помош".

## Црвен крст на Охрид

### Биста на Анри Динан во Охрид

Во рамките на одбележување на Неделата на Црвениот крст, на 12 мај 2007 пред седиштето на организацијата на Црвениот крст во Охрид, беше поставена биста на Анри Динан, основачот на Црвениот крст. Бистата е донација на Друштвото Анри Динан од Женева, а е резултат на соработката на Црвен крст Охрид со здружението Анри Динан од Струга и швајцарските донатори. На откривањето на бистата присуствуваа претседателот и секретарот на Друштвото Анри Динан од Женева, претставници на истите друштва од Косово и Албанија, претставници на Француската амбасада во Македонија, заменик градоначалникот на Охрид и општинските советници, како и претседателот, секретарот и активисти на Црвен крст Охрид. Настанот беше следен од сите локални и повеќе национални медиуми.

## Црвен крст на Прилеп

### Работилница за борба против дрога

Во рамките на Организацијата на Црвениот крст Прилеп функционира центар за намалување на штети кај интравенски корисници на дрога. Центарот овозможува размена на прибор за инјектирање, презервативи, стручно советување за ризичното однесување, помош при реализирањето на социјалните и здравствени права и психолошка подршка на корисниците и нивните семејства.

Организацијата на Црвениот крст Прилеп зема учество на Работилницата за борба против дрога организирана од страна на Одделот за развој на полицијата при Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во општина Прилеп. Организацијата на Црвениот крст Прилеп, како единствена институција на локално ниво која работи на намалување на штети од употреба на дроги имаше можност да ја претстави својата работа. Во презентацијата беа опфатени: целта на центарот за намалување на штети, активностите, статистички показатели за посетителите на центарот, проблемите во досегашното работење, како и согледувањата за локалната стратегија за надминување на проблемите поврзани со дрогата и намалување на снабдувањето со дрога на локално ниво.

## Црвен крст на Крива Паланка

### ,,За посреќно детство,,

Спортско рекреативната и хуманитарна акција ,,За посреќно детство,,, во Крива Паланка, беше организирана во последната недела на месец мај 2007 година.

Во акцијата учествуваа, деца од градинка, ученици од основни училишта, младинци и возрасни. Беа организирани натпревари во фудбал, ракомет, кошарка, трчање, трчање во вреќа. Акцијата се одликуваше со голема масовност, неочекувана заинтересираност за учество и поддршка од структурите во Општината.

Од собраните средства беа обезбедени 2.000 парчиња памперс пелени и беа доделени на децата со посебни потреби.

## Црвен крст на Кисела Вода

### Хуманитарна забава

Нема поголем и поубав празник од оној, на кој ќе се сетиме на луѓето во неволја. Затоа, поттикнати од желбата, еден празник да донесе повеќе среќа и радост во срцата на своите врсници, Младите на Црвен крст - Кисела Вода, организираа хуманитарна забава на денот на најубавиот празник за младите - Денот на вљубените. Дека хуманоста завзема сé поголемо значење во нашето секојдневие, укажува и огромната заинтересираност на македонските ѕвезди за учество - ДЈ БООГИЕ МАН, Тамара Тодевска, Роберт Билбилов, Единствена Опција, Маја Саздановска, ПУКА козметика, Тони - Зен, ДЈ Цваре, Исток - Запад- млади изведувачи, кои со задоволство прифатија, заедно со Младите на Црвен крст - Кисела Вода и клубот РПМ, да бидат дел од хуманитарната акција за обезбедување на средства со кои би придонеле во модернизација на училиштето за деца и млади со оштетен слух. Конечниот исход на оваа забава, покрај исполнетоста и задоволството на организаторите, учесниците и присутните, се околу 48.000 денари, кои се наменија за набавка на компјутер и принтер во Центарот за образование и рехабилитација на деца и млади со оштетен слух “Кузман Јосифовски - Питу”.

## Црвен крст на Ресен

### ,, Ден на гладта,,

Општинската организација на Црвен крст на Ресен во текот на 2007 година успешно го одбележа ,,Денот на гладта,,. Во акцијата беа вклучени млади волонтери на организацијата кои дистрибуираа вредносни бонови, а со собраните средства беа обезбедени прехрамбени пакети за 45 ученици од средното општинско училиште.

## Црвен крст на Штип

### Светскиот ден на крводарителството

По повод 14 Јуни Светскиот ден на крводарителството, Општинската организација на Црвен крст Штип организираше голема крводарителска акција на плоштадот “Слобода”.

Носители на оваа акција беа младите на Општинската организација кои активно се вклучија во организирањето и успешно реализирање на акцијата.

Во чест на 14 Јуни беше снимена музичка нумера насловена “Заедно за животот” во изведба на нашиот сограѓанин Јоце Панов. Истата беше снимена и на ЦД.

Крводарителската акција беше проследена со музички хепенинг на кој учество земаа неколку естрадни уметници од Штип, хорот на пензионерите и балетски групи од основните училишта во градот. Акцијата резултираше успешно и беа собрани 191 крвни единици.

## Црвен крст на Велес

### ,,За посреќно детство,,

Велес, 1-ви јуни 2007 година. Несекојдневен настан со многу луѓе од сите возрасти. Игри, рекреација, спортски такмичења. Скокање јаже, лизгалка, совладување пречки, минување низ тунел, баскет, мал фудбал, пинг-понг, пикадо, трки со ролери, боречки вештини, шах, табла, домино влечење со јаже... И сето тоа во духот на хуманоста. Учесниците и гледачите донираа парични прилози. Собраните средства беа наменети за набавка на прехранбени производи за децата без родителска грижа сместени во "Дом семејство". На секое семејство му беше доделено по 140 килограми (брашно, зејтин, сол, макарони, млеко, шеќер и еурокрем) и по еден пакет хигиенски средства.

## Црвен крст на Виница

### Хуманитарна акција

Клубот на млади, кој го сочинуваат 29 лица, при Црвениот крст Виница во текот на месец октомври 2007 година, организираше масовна хуманитарна акција за прибирање на помош во храна и други материјални добра. Акцијата на младите од Црвен крст беше една од најуспешните во последните 10 години. Се собра голема количина на храна - 2.500 кгр., која беше поделена на 15 социјално загрозени семејства во општина Виница. По завршување на акцијата, младите на Црвениот крст Виница, ја изразија својата благодарност на донаторите: Макпрогрес,Тондах и др.

## Црвен крст на Струга

### Поддршка на лица со интелектуална попреченост

На 12 декември 2007 година под покровителство на Градоначалникот на Општина Струга, беше отворен Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ,,ПОРАКА,, - Струга. Одржана беше и трибина на тема:,, Преку различноста до еднаквост во општеството,,.

Волонтери на Општинската организација на Црвениот крст Струга присуствуваа на работилницата која се одржа во хотел ,,Дрим,, на која на лицата со интелектуална попреченост им помагаа да цртаат, бојат и изработуваат најразлични предмети.

По повод Новогодишните празници активистите и волонтерите на Црвениот крст во соработка и спонзорство со Про Кредит Банка на штитениците, лицата со интелектуална попреченост им подарија новогодишни пакетчиња, а Општинската организација доби благодарница како израз на признание за поддршката во обезбедувањето на континуитет во работата на дневниот центар ,,ПОРАКА,,.



# ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР



**Саит Саити**
*Генерален Секретар*



**Др Јован Дамјановски**
*Претседател*



**Прим. Др Никола Камчев**
*Потпретседател*



**Даут Селими**



**Фејзи Шабани**



**Илија Ивановски**



**Катица Кипријановска**



**Др Ристо Маџунков**



**Стамен Арсенков**



**Сашо Точков**



**Др Милчо Трајков**



**Кирил Цоневски**



**Трајан Здравевски**



**Др Ѓорѓи Ѓоргиевски**



**Душан Аргиловски**

# ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ













Финансискиот извештај на Црвениот крст на Република Македонија го отсликува севкупното работење на Организацијата во 2007 година и истото е прикажано преку планираните и реализираните приходи и расходи.

Финансискиот извештај е потврда за успешно имплементираните програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Интенција на Организацијата е да се планира реално и прецизно, но не секогаш можат предвидувањата да се остварат, бидејќи постојат и објективни причини и доаѓа до промена на параметрите врз кои се заснива планирањето..

Од тие причини во втората половина од 2007 година, се изврши ребаланс на постоечкиот Буџет, како резултат на неостварување во делот на сопствените приходи, кои се однесува на издавање на административниот и магацинскиот простор. Ребалансот на Буџетот за 2007, како и домаќинското работење на организацијата даваат јасна слика за финансики успешно завршена година. Уште еден доказ повеќе за успешното работење е и податоткот за вкупно реализираниот Буџет кој е за 8,56% поголем од вкупно планираниот Буџет за 2007 година. Ова зголемивање се должи на поголемата поддршка на партнерите, што е потврда за зголемувањето на обемот и квалитетот на програмските активности.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи ,68.05% се однесуваат на функционалните односно програмските трошоци, што се за 2.77% повеЌе во однос на вкупно реализираните функционални трошоци во 2006 година.

Од податоците за движење на расходите може да се констатира дека реализацијата на расходите за плата изнесува 78.6% во однос на планираното, што зборува дека обемот на работата е реализиран со ист број на вработени лица и покрај планираното дополнително ангажирање на лица.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите е резултат на начинот на реализација на одредени про екти, а останатиот дел согласно планираните активности ќе се наменат за остварување на функцијата на организцијата за 2008 година.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | *Буџет 2007* | *Реализирано 2007* | *%* | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **53.012.275,00** | **57.548.658,00** | **108,56** | |
| Сопствени извори на приходи | 9.768.520,00 | 13.717.701,00 | 140,43 | |
| Приходи од органи / донатори | 43.243.755,00 | 43.830.957,00 | 101,36 | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **53.012.275,00** | **54.395.973,00** | **102,61** | **во 2007** |
| Плати и надоместоци на вработени | 8.540.000,00 | 6.712.810,00 | **78,60** | 12,341 |
| Расходи за материјали и услуги | 7.051.500,00 | 10.667.920,50 | **151,29** | 19,612 |
| Функционални (програмски) расходи | 37.420.775,00 | 37.015.242,50 | **98,92** | 68,048 |
| **РАЗЛИКА** | | **3.152.685,00** | | |

## П Р И Х О Д И

| | **ОПИС** | **Сопствени изв.на прих.** | **При.од орг./дон.** | **Буџет 2007** | **Реал.сопс. извори** | **Реал.од орг./дон** | **Реализирано 2007** | **Во %** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | | |
| 741 | Министерство за Финансии (Од Буџетот на РМ - средства за програмски активности) | | 6.321.000,00 | **6.321.000,00** | | 6.321.000,00 | 6.321.000,00 | 100,00 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 7.700.000,00 | **7.700.000,00** | 31.586,00 | 8.763.000,00 | 8.794.586,00 | 114,22 |
| 742 | Социјално - хуманитарна дејност | 400.000,00 | 2.913.000,00 | **3.313.000,00** | 232.109,00 | 2.984.545,00 | 3.216.654,00 | 97,09 |
| 742 | Организација и развој | | 169.280,00 | **169.280,00** | | 2.359.507,00 | 2.359.507,00 | 1393,85 |
| 742 | Прва помош | 5.050.000,00 | | **5.050.000,00** | 9.491.400,00 | | 9.491.400,00 | 187,95 |
| 742 | Здравствено воспитание | | 676.500,00 | **676.500,00** | | 2.073.304,00 | 2.073.304,00 | 306,48 |
| 742 | Младина | | 1.165.732,00 | **1.165.732,00** | 42.056,00 | 1.604.247,00 | 1.646.303,00 | 100,00 |
| 742 | Катастрофи | | 4.533.977,00 | **4.533.977,00** | | 1.944.562,50 | 1.944.562,50 | 42,89 |
| 742 | Дисеминација | | 2.060.000,00 | **2.060.000,00** | 62.000,00 | 2.071.681,00 | 2.133.681,00 | 103,58 |
| 742 | Информирање и комуникација | 150.000,00 | 661.966,00 | **811.966,00** | 19.000,00 | 220.000,00 | 239.000,00 | 29,43 |
| 742 | Служба барање | | 400.000,00 | **400.000,00** | | 253.641,50 | 253.641,50 | 63,41 |
| 742 | Меѓународно оделение | | 387.300,00 | **387.300,00** | | 91.995,00 | 91.995,00 | 23,75 |
| 742 | Активности за обезбедување финансиски средства | 550.000,00 | | **550.000,00** | | | | 0,00 |
| 742 | Финансии | | 150.000,00 | **150.000,00** | | 420.000,00 | 420.000,00 | 280,00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | |
| 725 | Од ООЦК (по основ на котизација ) | | 2.190.000,00 | **2.190.000,00** | | 1.977.500,00 | 1.977.500,00 | 90,30 |
| 725 | Донација од физички лица/телефон вработени | 100.000,00 | | **100.000,00** | 176.273,00 | | 176.273,00 | 176,27 |
| 725 | Донација од правни лица | 50.000,00 | | **50.000,00** | 23.700,00 | | 23.700,00 | 47,40 |
| 725 | Доплата марки ( од законот на ЦК ) | 700.000,00 | | **700.000,00** | 288.590,50 | | 288.590,50 | 41,23 |
| 723 | Од закуп.на деловен простор/др. приходи | 1.058.520,00 | | **1.058.520,00** | 1.685.512,50 | | 1.685.512,50 | 159,23 |
| 725 | Од регистрација возила | 700.000,00 | 13.300.000,00 | **14.000.000,00** | 898.224,00 | 12.745.974,00 | 13.644.198,00 | 100,00 |
| 725 | Од Едукативен Тренинг центар/ Продажба на возила | 1.010.000,00 | 615.000,00 | **1.625.000,00** | 767.250,00 | | 767.250,00 | 100,00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **9.768.520,00** | **43.243.755,00** | **53.012.275,00** | **13.717.701,00** | **43.830.957,00** | **57.548.658,00** | **108,56** |

# Р А С Х О Д И

| ОПИС | Сопствени изв.на прих. | При.од орг./дон. | Буџет 2007 | Реал.сопс. извори | Реал.од орг./дон | Реализирано 2007 | Во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| **401 ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | | | |
| 4011 Нето основни плати | 4.000.000,00 | 220.000,00 | **4.220.000,00** | 3.202.993,00 | | 3.202.993,00 | 75,90 |
| 4012 Надомест за превоз на вработени | 320.000,00 | | **320.000,00** | 258.099,00 | | 258.099,00 | 80,65 |
| 4012 Надомест за храна на вработени | 700.000,00 | | **700.000,00** | 587.387,00 | | 587.387,00 | 83,91 |
| 4012 Надомест за годишен одмор | 200.000,00 | | **200.000,00** | 149.824,00 | | 149.824,00 | 74,91 |
| 4012 Други надоместоци | 150.000,00 | | **150.000,00** | 1.850,00 | | 1.850,00 | 1,23 |
| **402 ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК** | | | | | | | |
| 4021 Придонеси од плата на вработени | 2.300.000,00 | | **2.300.000,00** | 1.717.925,00 | | 1.717.925,00 | 74,69 |
| 4025 Персонален данок од плата | 350.000,00 | | **350.000,00** | 391.970,00 | | 391.970,00 | 111,99 |
| 4025 Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 300.000,00 | | **300.000,00** | 402.762,00 | | 402.762,00 | 134,25 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | **8.320.000,00** | **220.000,00** | **8.540.000,00** | **6.712.810,00** | **0,00** | **6.712.810,00** | **78,60** |
| **420 ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 4201 Патување во странство | 300.000,00 | 400.000,00 | **700.000,00** | 276.944,00 | 279.885,00 | 556.829,00 | 79,54 |
| **421 КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | | | |
| 4211 Електрична енергија | 400.000,00 | | **400.000,00** | 328.771,50 | | 328.771,50 | 82,19 |
| 4211 Водовод и канализација | 40.000,00 | | **40.000,00** | 22.455,00 | | 22.455,00 | 56,13 |
| 4211 Ѓубретарина | 40.000,00 | | **40.000,00** | 31.500,50 | | 31.500,50 | 78,75 |
| **422 ЗАТОПЛУВАЊЕ** | | | | | | | |
| 4221 Централно греење | 300.000,00 | | **300.000,00** | 330.996,00 | | 330.996,00 | 110,33 |
| **423 КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | | | | | | | |
| 4231 Пошта | 60.000,00 | | **60.000,00** | 99.495,00 | | 99.495,00 | 165,82 |
| 4231 Телефон и телефакс | 400.000,00 | 30.900,00 | **430.900,00** | 732.833,50 | | 732.833,50 | 170,07 |
| 4231 Интернет | 150.000,00 | | **150.000,00** | 46.579,00 | | 46.579,00 | 31,05 |
| 4232 Гориво | 500.000,00 | 150.000,00 | **650.000,00** | 618.336,00 | 250.000,00 | 868.336,00 | 133,59 |
| 4232 Трошоци за регистрација возила | 150.000,00 | | **150.000,00** | 172.516,50 | | 172.516,50 | 115,01 |
| 4232 Други расходи за транспорт (патарина,миење коли,лепење гуми) | 50.000,00 | | **50.000,00** | 30.291,00 | | 30.291,00 | 60,58 |
| **423 МАТЕРИЈАЛИ** | | | | | | | |
| 4231 Канцелариски материјал | 45.000,00 | 595.864,00 | **640.864,00** | 282.953,50 | | 282.953,50 | 44,15 |
| 4231 Претплата за списанија и стручна литература | 30.000,00 | | **30.000,00** | 76.485,50 | | 76.485,50 | 254,95 |
| 4231 Ленти, касети и друго за АОП | 50.000,00 | 200.000,00 | **250.000,00** | 135.941,50 | | 135.941,50 | 54,37 |
| 4259 Копирање,печатење и издавање материјали | 1.220.000,00 | 2.321.875,00 | **3.541.875,00** | 1.764.617,00 | 2.365.833,00 | 4.130.450,00 | 116,61 |
| Организација и развој | | | **0,00** | 235.403,50 | 7.703,50 | 243.107,00 | 100,00 |
| Информирање и комуникација | | 447.490,00 | **447.490,00** | 237.790,00 | | 237.790,00 | 53,13 |
| Дисеминација | | 330.000,00 | **330.000,00** | 310.000,00 | | 310.000,00 | 93,93 |
| Здравствено - воспитна дејност | | | **0,00** | 63.356,00 | 114.121,00 | 177.477,00 | 100,00 |
| Прва помош | 1.000.000,00 | | **1.000.000,00** | 1.383.094,50 | | 1.383.094,50 | 138,30 |
| Крводарителство | | 420.000,00 | **420.000,00** | 1.189.487,00 | | 1.189.487,00 | 283,21 |
| Социјално - хуманитарна дејност | | 584.010,00 | **584.010,00** | 229.907,50 | | 229.907,50 | 39,36 |
| Служба барање | 20.000,00 | 50.000,00 | **70.000,00** | 135.237,50 | | 135.237,50 | 193,19 |
| Маркетинг | | | **0,00** | 0,00 | | | 0,00 |
| Финансии | | | **0,00** | 6.584,00 | | 6.584,00 | 100,00 |
| Катастрофи | | 490.375,00 | **490.375,00** | 135.002,50 | | 135.002,50 | 27,53 |
| Младински камп | 200.000,00 | | **200.000,00** | 82.763,00 | | 82.763,00 | 41,38 |
| 4234 Пијалоци, прехрамбени продукти средства за хигиена | 150.000,00 | 50.000,00 | **200.000,00** | 268.699,00 | | 268.699,00 | 134,35 |
| 4239 Материјали за противпожарна заштита | 80.000,00 | | **80.000,00** | | | 0,00 | 0,00 |
| 4239 Материјали за посебна намена (крводарители) | | 1.515.600,00 | **1.515.600,00** | 207.561,50 | 1.060.000,00 | 1.267.561,50 | |
| 4239 Други материјали | 150.000,00 | 50.000,00 | **200.000,00** | 275.032,00 | | 275.032,00 | 137,51 |

| ОПИС | Сопствени изв.на прих. | При.од орг./дон. | Буџет 2007 | Реал.сопс. извори | Реал.од орг./дон | Реализирано 2007 | Во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **424 ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | | | |
| 4241 Поправка и одржување коли | 200.000,00 | | **200.000,00** | 246.287,00 | | 246.287,00 | 123,14 |
| 4244 Трошоци за одржување опрема | 100.000,00 | | **100.000,00** | 226.003,50 | | 226.003,50 | 226,00 |
| 4242 Трошоци за одржување зграда | 750.000,00 | | **750.000,00** | 292.718,50 | | 292.718,50 | 39,03 |
| 4244 Одржување на софтвер и хардвер | 250.000,00 | | **250.000,00** | 282.222,00 | | 282.222,00 | 112,88 |
| **425 ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | | | |
| 4253 Адвокатски услуги | 150.000,00 | | **150.000,00** | 149.600,00 | | 149.600,00 | 99,73 |
| 4257 Семинари и состаноци | 1.120.000,00 | 4.205.294,00 | **5.325.294,00** | 899.043,50 | 2.928.559,00 | 3.827.602,50 | 71,87 |
| Организација и развој | 20.000,00 | 169.280,00 | **189.280,00** | 236.563,50 | 285.160,00 | 521.723,50 | 275,63 |
| Информирање и комуникација | 20.000,00 | 0,00 | **20.000,00** | 6.980,00 | | 6.980,00 | 34,90 |
| Дисеминација | 20.000,00 | 800.900,00 | **820.900,00** | 13.535,00 | 233.599,00 | 247.134,00 | 30,10 |
| Здравствено - воспитна дејност | 20.000,00 | 97.262,00 | **117.262,00** | 44.240,00 | | 44.240,00 | 37,72 |
| Прва помош | 20.000,00 | | **20.000,00** | 27.180,00 | | 27.180,00 | 135,90 |
| Крводарителство | 20.000,00 | 154.400,00 | **174.400,00** | 17.480,00 | 204.130,00 | 221.610,00 | 127,07 |
| Социјално - хуманитарна дејност | 20.000,00 | 508.850,00 | **528.850,00** | 51.080,00 | 241.665,00 | 292.745,00 | 55,35 |
| Служба барање | 20.000,00 | 300.000,00 | **320.000,00** | 6.500,00 | 233.599,00 | 240.099,00 | 75,03 |
| Маркетинг | 20.000,00 | 150.000,00 | **170.000,00** | 2.620,00 | 160.000,00 | 162.620,00 | 95,65 |
| Финансии | 20.000,00 | 0,00 | **20.000,00** | 19.820,00 | | 19.820,00 | 99,10 |
| Катастрофи | 20.000,00 | 1.334.230,00 | **1.354.230,00** | 10.500,00 | 1.233.559,00 | 1.244.059,00 | 91,86 |
| Единица за одговор при катастрофи (обука) | 250.000,00 | | **250.000,00** | | | | |
| Меѓународно оделение | | 390.372,00 | **390.372,00** | 130.200,00 | 138.167,00 | 268.367,00 | 68,74 |
| Седница на Извршен Одбор | 150.000,00 | | **150.000,00** | 109.760,00 | | 109.760,00 | 73,17 |
| Собрание на ЦКРМ | 150.000,00 | | **150.000,00** | 97.035,00 | | 97.035,00 | 64,69 |
| Состанок со секретарите / претседатели | 100.000,00 | | **100.000,00** | 108.230,00 | | 108.230,00 | 108,23 |
| ФАЦЕ | 150.000,00 | | **150.000,00** | 0,00 | | 0,00 | 0,00 |
| Младина | 100.000,00 | 300.000,00 | **400.000,00** | 17.320,00 | 198.680,00 | 216.000,00 | 54,00 |
| 4252 Банкарска провизија | 60.000,00 | | **60.000,00** | 74.418,50 | | 74.418,50 | 124,03 |
| 4252 Осигурување на имот и обезбедување на обијекти | 200.000,00 | | **200.000,00** | 87.380,00 | | 87.380,00 | 43,69 |
| 4259 Други финансиски услуги | 1.053.000,00 | 398.450,00 | **1.451.450,00** | 1.040.864,50 | 318.363,50 | 1.359.228,00 | 93,64 |
| 4259 Други договорени услуги (царина,работници за пакување хум.помош), судки решенија | 200.000,00 | 150.000,00 | **350.000,00** | 748.682,50 | | 748.682,50 | 213,90 |
| 4261 Членарина во меѓународни организации | 60.000,00 | | **60.000,00** | 86.714,00 | | 86.714,00 | 144,52 |
| **426 ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 4261 Обезбедување на фондови /Судски решенија | 180.000,00 | | **180.000,00** | 1.920.474,50 | | | |
| 4261 Трошоци за меѓународна соработка | 200.000,00 | | **200.000,00** | 311.331,00 | | 311.331,00 | 155,66 |
| **463 ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | | | | | | | |
| 4631 Трансфери до ООЦК | | 23.148.316,00 | **23.148.316,00** | 25.948.941,50 | | 25.948.941,50 | 112,09 |
| 4631 Фонд за развој | | 1.095.000,00 | **1.095.000,00** | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 | 91,32 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **16.808.000,00** | **34.681.299,00** | **51.489.299,00** | **18.780.557,50** | **34.151.582,00** | **51.011.665,00** | **99,07** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| **483 КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА** | | | | | | | |
| 4831 Купување канцелариски мебел | 50.000,00 | | **50.000,00** | 326.067,50 | | 326.067,50 | 652,13 |
| 4832 Купување на опрема (ЕТЦ и Програм за катастрофи) | 500.000,00 | 619.476,00 | **1.119.476,00** | 442.380,00 | 200.000,00 | 642.380,00 | 57,38 |
| **483 КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА** | | | | | | | |
| 4833 Купување автомобил | | | **0,00** | 0,00 | | | 0,00 |
| **481 ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | | | |
| 4812 Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 353.500,00 | | **353.500,00** | 495.386,00 | | 495.386,00 | 140,13 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **903.500,00** | **619.476,00** | **1.522.976,00** | **1.263.833,50** | **200.000,00** | 1.463.833,50 | 96,11 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **17.711.500,00** | **35.300.775,00** | **53.012.275,00** | **20.044.391,00** | **34.351.582,00** | **52.475.498,50** | **98,98** |

Финансиска Служба
Жаклина Поповиќ

Генерален Секретар
Саит Саити

**ДИМИТРОВ РЕВИЗИЈА**
Друштво за ревизија

П. Фах 896, 1000 Скопје
Телефон: + 389 2 3117-888
Тел./Факс: + 389 2 3117-999
e-mail:finko@finko.com.mk

До:

Раководството на

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" (во понатамошниот текст Организација), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2007 година, како и на Билансот приходи и расходи, Извештајот за паричен тек и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Приложените финансиски извештаи за 2007 година наведени на страниците 3-15, се состојат од финансиските извештаи (годишната сметка) на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА " и годишните сметки на проектите: 1) Надградба на капацитети; 2) Служба за барање, дисеминација и подготовка; и 3) Заеднички развој на заедницата. Овие проекти се финансирани од посебни донатори и истите се реализираат преку посебни (наменски) потсметки на Организацијата. За нив Организацијата изготвила и поднела пред надлежните институции посебни годишни сметки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјлно погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерпта контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење на ревизорот*

На финансиските извештаи за 2006 година не е вршена ревизија, па така почетните салда на сметките во билансот на состојба на 1 јануари 2007 година се пренесени како неревидирани. Во согласност со ова ние се оградуваме од влијанието на пренесените салда на сметките во билансот на состојба од претходната година на ревидираната 2007 година.

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2007, како и резултатите на нејзиното работење, нејзините парични текови и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и општо прифатените сметководствени принципи и пракса за финансиско известување во Република Македонија.

Скопје, 3 март 2008 година

Драган Димитров,
Овластен ревизор

Драган Димитров,
Управител

ДИМИТРОВ РЕВИЗИЈА
Друштво за ревизија
Душан ДООЕЛ
СКОПЈЕ